*Почитувани,*

Семејното насилство е едно од преовладувачките криминални поведенија во повеќе општества и носи со себе разорувачки последици како по однос на примарната жртва, жената, така и по однос на секундарната жртва, децата. Во повеќето земји во светот семејното насилство зазема размери на проблем од примарен општествен карактер.

Семејното насилство како проблем се одразува врз економскиот и севкупниот развој на едно општество, а е резултат на историски заснованата нееднаква положба на мажот и жената, во која таа се наоѓа во субординирана положба во однос на мажот.

Република Македонија не е исклучок од ова општо видување за размерите и последиците на проблемот на семејно насилство. Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во рамките на програмските активности своите напори изминатите години ги насочи кон интензивна работа на полето на подигање на јавната свест за проблемот на семејно насилство, од кои како позначителни би ги одвоиле објавувањето на првата книга од оваа област под името "Реа Силвија" издадена 1997, и организирањето на кампањата "Шепот".

Наедно, ЕСЕ продолжи да работи на полето на нудење на законски решенија и како резулатат на овие активности произлегоа измени и дополненија кон одредени позитивни законски одредби, кои сметаме дека соодветствуваат на комплексноста и сериозноста на овој проблем.

Како резултат на нашите долгогодишни напори произлезе и потребата од спроведување на ова истражување за Темната бројка на семејното насилство кое, со се срце, веруваме дека ќе претставува солидна основа за понатамошно градење на стратегијата, како на владините така и на невладините организации на полето на елиминирање на насилството над жената. Со ова ЕСЕ го заокружи циклусот на активности кои резултираа во нудење на системски решенија за борба против овој вид насилство на неколку полиња.

Особена чест и благодарност им изразуваме на Развојниот фонд за жени при Обединетите Нации- УНИФЕМ, кој финансиски го подржа спроведувањето на истражувањето, и на Меѓуцрковната организација за развој и соработка- ИЦЦО, кој го поддржа печатењето на ова истражување.

Наедно, би сакале да се заблагодариме на сите оние кои беа вклучени при спроведувањето на истражувањето и да изразиме особена благодарност на Г-ѓа Виолета Чачева како раководител на истото.

Наместо вовед

***"Имало господ, имало спас и за мене. Почина пред извесно време, лесна да му е земјата, но мене ми осамна дури сега на 50 години. Почина од пиење, од цироза на црниот дроб, мојот маж, мојот целат. Судбина ли да речам, што ли било него да го имам за маж. Почна да пие уште од првиот ден на бракот. Пиеше - сушеше. . Однадвор сиромаштијата, однвнатре ракијата го гризеше. И него и мене. Со години, цел живот, море цела вечност ми се чини. Зошто не сум го оставила, прашуваш.***

- ***А каде да одам? Моите родители се сиромашни луѓе, отсекогаш биле сиромашни. За нив мојата мажачка беше уште една уста помалку за хранење.***

***Уште првите денови кога се земавме, почна со пцуење, тепање, ме нарекуваше со секакви погрдни имиња, на почетокот тој а подоцна и неговите домашни почнаа да се однесуваат кон мене како кон крпа за бришење на нозете. Денес плачи утре плачи, утеха од никого од никаде. За да биде несреќата поголема не можев трудна да останам, иако многу сакав да имам дете. За моја среќа тоа го сакаше и тој, па и покрај сите маки што ги имав од него, решивме да си посвоиме. Тоа дете стана мојата радост, мојата утеха во животот, а Господ сакаше да си родам и свое дете. Мислиш се промени тој со децата? Не! Тој продолжи да си пие, да си пцуе, да ме тепа , небарем јас бев виновна за сиромаштијата во којашто живеевме. Кога реши да отиде во Германија, и отиде како азилант, се понадевав и јас дека можеби ќе ми се промени животот на добро, а уште повеќе кога ме повика и мене таму.***

***Колку се излажав. Во Германија уште полошо. И тоа малку што ќе го заработеше за пиење го даваше. Видов - невидов се пријавив во едно прифатилиште. А таму, што се не видов. Млади жени, здрави, прави, кои немаат од што да живеат па морале и сопственото тело да го продаваат, жени со модринки на лицето и во душата, па си реков: Господе имало и бетер од мене. Тоа сознание беше најдоброто што го научив во Германија, најголемата моја печалба - да си ја прифатам судбината и никому за ништо да не се жалам. Се вративме во Македонија , се вративме на уште полошо. Разочаран од животот тој почна уште повеќе да пие, да не малтретира и мене и децата. Често пати помислував да се самоубијам, но кога ќе се сетев на децата, ни должни ни виновни душички, брзо се откажував од таа помисла. Господ да ми прости, но имаше и моменти кога посакував и него да го убијам, но што ќе се добиеше и со тоа. Тој во земја, јас во затвор, а децата, кој ќе ги гледа моите сирачиња кои ќе страдаат можеби уште повеќе од мене во животот.***

***Било како било, сега веќе него го нема, иако сум сиромашна со овие две раце што ги имам ќе се хранам и себе и децата, а на втор брак не ни помислувам.***

# П Р В  Д Е Л

## ПРОБЛЕМСКО МЕТОДОЛОШКИ ОСНОВИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### *1.Проблемска рамка*

Монографијата ја започнавме со една од многуте тажни животни сто-рии слушнати за време на истражувањето. Животни приказни кои зборуваат за нашата реалност, за присуството на семејното насилство во нашите до-мови, појава за која се почесто и погласно се говори и која добива граѓанство (преку невладините организации), заради нејзината сериозност, особено заради последиците што ги остава зад себе. Наспроти на фактичката состојба, појавата како да не се признава од страна на државата. Таа не е втемелена како посебна кривично-правна категорија, која систематски се следи и проучува, барајки решение за нејзиното сузбивање, спречување, над-минување, на начин како што тоа се прави со другите облици на криминално поведение, а која заради комплексноста, сериозноста на однесувањата и последиците што ги остава, најмалку го заслужува истиот третман.

За разлика од многу држави во светот, во кои речиси три децении опш-тествената, стручната и научната јавност се занимаваат со проблемот на се-мејното насилство, како од теоретски, така и од емпириски, социјален и пра-вен аспект, во Македонија за овој проблем за првпат се проговори во 1994 година од страна на невладините женски и други организации, кои почнаа масовно да се формираат во тој период. Тие не само што го промовираа про-блемот на семејното насилство, туку ги воведоа и првите СОС линии за жените и децата жртви на насилство во семејството, а во последно време

нивните активности се насочени кон покренување на прашањето за правното регулирање и унапредување на оваа материја.[1]

Семејството, како милје во кое се јавува и одржува насилството помеѓу одредени нејзини членови, претставува посебна општествена група која функционира како систем со особено значајна социјализаторска функција. Во него, улогата и положбата на секој нејзин член е дефинирана, а нивната содржина во голема мера е определена од културата на дадената заедница, која по пат на социјализаија генерациски се пренесува Оттука, кога се расправа за насилството врз жената, многу објаснувања и одговори можат да се обезбедат ако проблемот се посматра од аспект на положбата на жената во општеството. Ова од причина што суштинската позиција на жената на макро и микро план, во голема мера, го дефинира нивото на нејзината заштита, но и можностите за дискриминација како пандан на тоа ниво.

Нерамноправноста на жената, манифестирана преку нејзината положба во општеството, во бракот и семејството, извира од патријархалната структура на општеството, кога и се дефинира доминантната положба за мажот и инфериорната положба за жената, на макро и микро план. Определената активна улога на мажот во општеството, му обезбедува концентрација на моќ и власт на микро план, особено во рамките на бракот и семејството. Како нус производ од активната и супериорна позиција на мажот и пасивната и инфериорна позиција на жената, произлегува и сопственичкиот однос кон жената, во кој не е исклучено и насилството како регулатор за послушност. Овие односи, по пат на социјализација, се пренесуваа од генерација на генерација.

Ако се има тоа предвид, може да се заклучува за историската условеност на семејното насилство (и насилството врз жената), која воедно подразбира и променливост на односите. Но, од друга страна, се бележи статичност

[1] И ова истражување е нарачано од невладината организација Здружение за еманципација , солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија, која има мошне систематски пристап кон проблемот на насилството кон жената, а самото истражување е во функција да ги обезбеди нивните актуелни и идни активности во врска со овој проблем

на овие односи - нерамноправноста на жената се евидентира до денешни денови. Конкретни промени на овој план, на глобално ниво, почнаа да се случуваат во последните три децении, во рамките на развојот на универзалната идеја за еманципација на сите луге, независно од полот, возраста, расата, социјалните и други карактеристики, при што посебно беше потенцирана нерамноправната положба на жената (секако дека семејното насилство претставува дел од таа нерамноправност), расчекорот помеѓу нејзината формална и фактичка состојба, како и препораки за нејзино менување, надминување. Тоа едновремено претставуваше поттик за фокусирање на вниманието кон жената, преку лоцирање на нејзините реални позиции на сите нивоа (политичко, правно, социјално, економско, културно итн.) и превземање на конкретни активности за надминување на таквата реалност[2].

За жал, овие процеси, барем што се однесува до предметот што е во фокусот на оваа монографија - насилството врз жената - кај нас доцнат барем две и пол децении. Веќе споменавме дека овој проблем за првпат кај нас се актуелизира во 1994 година.

## *2.Карактеристики на третманот на семејното насилство во Македонија*

Проблемот на семејното насилство, и посебно насилството врз жената, како што веќе беше истакнато, досега не го привлекуваше вниманието на општествената, научната и стручната јавност во Македонија, - освен во случаите на брутални убиства извршени во кругот на семејството, за кои јавноста беше информирана преку средствата за масовна комуникација, а за кои се бараше мислење и објаснување од експерти во одредени области. Меѓутоа, забележително е поместување на овој план; може да се констатира дека,

[2] Проблемот беше поставен на глобално ниво. На пример, Обединетите нации, но не само тие, донесоа голем број документи за надминување на посочената реалност. Во врска со предеметот што е во фокусот на нашето истражување, собено значајни се два документа: Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жената и Декларацијата за елиминирање на насилството над жената.

во последно време, многу се зголемува интересот за насилството во семејството, како и фактот дека овој проблем станува се повеќе "видлив".

Ако се направи пресек на третирањето на семејното насилство во нашата држава, за овој миг, би можеле да се извлечат следните негови карактеристики:

- **Маргинализација на проблемот**. Во државата не постои(еше) интерес овој проблем да се истражува, систематски да се следи и проучува, во функција на негово поуспешно сузбивање, спречување, надминување, намалување на последиците што ги остава;
- **Недоволно познавање на појавата.** Не постојат ни елементарни сознанија за рашireноста на семејното насилство, појавните видови, причините, последиците;
- **Отсуство на официјални податоци.** Со оглед дека не претставува посебна инкриминација, нема официјални статистички податоци како за посебна појава, а од друга страна, во Заводот за статистика кривичните дела се евидентираат според сторителите, а не според жртвата, поради што ни посредно не може да се дојде до светлата бројка на семејното насилство. Исто така, и државните органи кои во остварувањето на својата дејност се во допир со оваа појава (центрите за социјална работа, медицинските установи, судовите) не водат посебна статистика за неа;
- **Отсуство на емпириски сознанија.** Не е спроведено ниту едно научно истражување (ова е прво истражување) чии резултати би пополниле дел од празнината од недостатокот на официјалните податоци, но би обезбедиле и сознајна основа за продирање во суштината на појавата и нејзиното подобро разбирање;
- **Недоволна правна покриеност**. Нашето законодавство не познава посебна инкриминација за насилството во семејството, како посебно кривично дело. Оваа материја се регулира преку општите кривични дела (убиство, телесна повреда, тешка телесна повреда, неукажување на помош, присилба, обљуба врз немоќно лице, посредување во вршење на проституција итн.), но тие, фактот на заедничко живеење не го земаат предвид. Исклу-

чок е кривичното дело силување - се инкриминира и силување во брак, инкриминација воведена во 1996 година, со новиот Кривичен законик на Република Македонија. Меѓутоа, на кривичното дело силување во брак, му е симнато нивото на официјалност - постапката се води по приватна тужба, за разлика од кривичното дело силување кога се во прашање други лица, а во тие случаи постапката се води по службена должност.

За разлика од кај нас, современите тенденции за законското решавање на овој проблем, одат во две насоки: прво, преку воведување на посебни инкриминации за насилството во семејството и второ, во рамките на општите кривични дела - посебно се санкционира фактот кога сторител е член на семејство.

Во моментов, во државата се подготвува предлог на измена на законите со кои би се покрило семејното насилство. Измените одат во насока на второто решение, посебно санкционирање на членови на семејството во рамките на постојните кривични дела:

- **Отсуство на формална реакција**. Согласно на вкупната маргинализација на проблемот на семејното насилство, може да се констатира и маргинализација на формалната реакција во врска со овој проблем. Ова се однесува пред се на полицијата, но и на другите државни органи, кои во случаите на насилство во рамките на семејството, се однесуваат многу резервирано, како да е во прашање приватна работа, а не криминално поведение, како и секое друго. Тоа е во согласност со општоприфатениот став за приватниот карактер на сите случувања во домот, па дури и кога е во прашање насилство;
- **Сегментарност во пристапот и нетранспарентност на работата на невладините организации.** Веќе споменавме дека невладините организации го започнаа процесот на детабуизација на проблемот на семејното насилство. Меѓутоа, иако е неспорна и многу значајна улогата на невладините организации за отварањето на проблемот на семејното насилство, може да се констатира нивно сегментарно зафаќање на проблемот, нетранспарентност на нивната работа, особено нема сознанија

од многуте проекти што досега ги имаат реализирано (на пример, нема никакви сумарни сознанија и искуства од СОС телефоните, кои претставуваат богат емпириски материјал за разбирање на појавата) и отсуство на координација и соработка меѓу невладините организации (се случува различни организации да работат на ист или мошне сличен проект, што е многу непродуктивено). Независно од се, тие се промотори на проблемот и имаат голема заслуга за неговото актуелизирање.

### *3.Операционализација на основните поими и предметот на истражувањето*

Наша определба за ова истражување беше, вниманието да се фокусира само кон еден сегмент од семејното насилство - насилството врз жената. Тоа, пак, претпоставуваше да се операционализираат двете конститутивни компоненти на основниот поим - смејното насилство - и во тие рамки да се определи предметот на истражувањето.

Во теоријата не постои единствено и општоприфатено дефинирање на поимот насилство, од што произлегува негово различно поимовно определување, како и користење на повеќе поими како синоними - агресија, насилничко однесување, злоупотреба на моќ итн. Од овие причини, при истражувања во кои предмет е насилството, истражувачите го операционализираат поимот за потребите на истражувачкиот зафат. Тоа беше сторено и во ова истражување.

Со оглед на поставената цел, опфаќање на насилството врз жената во најширока смисла, како основа за операционализација на предметот на истражувањето ни послужи дефиниција со широко опфаќање на насилството. Тоа е **дефиницијата за насилство дадена од страна на Обединетите нации,** а содржана во Декларацијата за елиминирање на насилството над жените - Резолуција 48/104 на Генералното собрание. Според неа, **тоа е секој акт на насилство, заснован на припадност на пол, кој резултира или е подобен да резултира во физичка, сексуална или психичка повреда, страдање на жените, вклучувајки ги и заканите за ваквите однесувања. Оттука, конститутивни**

**елементи на насилството се физичкото насилство, психичкото насилство и сексуалното насилство, како извршени акти или само како закани.**

Значи, во нашето истражување прифативме трикомпонентност на насилството (физичкото, психичкото и сексуалното насилство) манифестирано низ конкретни насилнички однесувања, или пак со закана од такви однесувања. Коститутивните компоненти на насилството, понатаму беа дефинирани на следниот начин:

**Физичкото насилство** беше операционализирано низ следните составни елементи:

- удар, влечење за коса, шлаканица, боксирање, тепање, давење, удар со предмети, горење, попарување (значи непосреден однос на физички контакт меѓу сторителот и жртвата. при што и се нарушува физичкиот интегритет на жената);
- фрлање предмети по жената;
- закана за физички повреди.

**Психичкото насилство**, како втора компонента на насилството врз жената, во себе ги вклучуваше следните структурни елементи:

- контрола врз жената - контрола на нејзиното движење -контрола врз нејзините персонални контакти, и севкупна контрола врз семејниот буџет;
- изолација - забрана на контакти со фамилијата, забрана да работи надвор од дома;
- љубомора или посесивност;
- однесувања кои предизвикуваат емоционални или психички маки и страдања на жената: вербално агресивно однесување (нарекување со погрдни имиња), однесувања кои се понижувачки за жената, целосна послушност од жената - зборот на мажот секогаш да е последен.

Третиот конститутивен елемент на насилството беше **сексуалното насилство.** Оваа компонента ја дефиниравме како присила на сексуален однос, обид за присила или друг вид на сексуална активност.

Во однос на вториот елемент на појавата семејно насилство, семејството - во кое ги сметавме сите членови што влегуваат во едно домаќинство. Домаќинството го сочинуваат сите лица што се на иста адреса и употребуваат иста кујна.

Со оглед дека ние, во ова истражување, не го зафаќаме семејното насилство во неговиот тотал, туку се ограничивме само на женскиот дел од фамилијата, семејното насилство во ова наше истражување го дефинираме на следниот начин: *насилство (физичко, психичко и сексуално) што го трпи полнолетна жена од страна на својот сопруг, вонбрачен партнер како и од другите полнолетни членови на донакинството.*

## *4.Познавањето на појавата - претпоставка за градење на стратегија против насилството во семејството*

Маргинализацијата на проблемот на семејното насилство, недоволното познавање на појавата, отсуството на официјални податоци, отсуството на емпириски сознанија, недоволната правна покриеност, отсуството на формална реакција се основните карактеристики на семејното насилство и на односот на општеството кон оваа појава во нашата држава. Наспроти на овие карактеристики стојат масовно прифатените стереотипи за родовите улоги во општеството, бракот и семејството, чија содржина вклучува нерамноправна и инфериорана положба за жената, а не го осудува и насилството како начин за одржување на дефинираните позиции. Тоа, пак, од своја страна, прави насилството во семејството да остане во тој круг, да не се пријавува. Оттука, како примарна се наметнува потребата од градење на стратегија насочена кон менувањето на односот на општеството кон оваа појава, преку зголемувањето на сензибилитетот на јавноста. Тоа се однесува и на научната и на стручната јавност, чија крајна цел би било конципирање на мерки и активности за стеснување и надминување на оние околности кои погодуваат на семејното насилство, односно активности насочени на сузбивање, спречување и превенирање на оваа појава.

Основна претпоставка за градење на стратегија е, постоење доволна сознајна основа, која ќе овозможи изучување и запознавање на појавата. Токму тоа, обезбедување на првичен емпириски материјал, беше и основна цел на ова прво научно истражување за семејното насилство - насилството врз жената, спроведено во нашата земја.

Дилемата што се постави пред истражувачите беше, насоката кон која требаше да се развива истражувањто: дали испитувањето да биде преку светла бројка (преку документација од Центрите за социјални работи и СОС телефоните) или преку истражување на темната бројка кај оваа појава. Се определивме за истражување на насилството врз жената преку неговата темна бројка. Ваквиот пристап беше детрминиран од фактот дека однесувањата што ја сочинуваат оваа појава најчесто не се пријавуваат, останувaат неоткриени; понатаму, непокриеноста на семејното насилство со соодветна инкриминација, и официјалното неригистрирање на кривичните дела според жртвите, што, пак, практично значи отсуство на валидни податоци низ кои би можела да се следи и анализира појавата.

### *5.Методи на истражување на темната бројка*

Сознанијата за криминалитетот што се темелат врз официјалната статистика се нереални во однос на неговата квантитативна димензија. Утврдено е дека секогаш постои дел кој останува неоткриен, познат како темна бројка на криминалитетот. Големината на неоткриениот дел на појавата е различна и зависи од низа фактори како што се: видот, последиците, природата на појавата, жртвата итн. Оттука, несомнена е потребата и од истражување на темната бројка на криминалитетот, која ќе овозможи да се дојде до податоци кои доближуваат до вистински извршениот криминалитет, како претпоставка за ефикасна криминална политика.

За истражување на темната бројка кај криминалитетот постојат повеќе методолошки постапки, од кои најчесто користени се: методот на самопријавување (испитаниците се изјаснуваат дали се сторители на одредено криминално однесување и дали тоа било службено регистрирано), виктимо-

лошката анкета (испитаниците се изјаснуваат дали се жртви на одредено криминално однесување, и дали истото го пријавиле на надлежните органи), метод на пријавување на друго лице (испитаниците даваат информација дали познаваат лице кое е жртва на одредено криминално однесување) и методот на проценка на експерти (експертите од одредена област, врз основа на искуствени сознанија и постојните статистички податоци за криминалитетот, даваат проценка за минималната и максималната темна бројка кај одреден вид на криминалитет).

Во ова истражување, тргнувајки од карактеристиките на појавата, нејзините специфичности и причините за настанувањето, се определивме да примениме две методолошки постапки: виктимолошка анкета и метод на пријавување на друго лице. Зошто се определивме за примена на две методолошки постапки, и токму за овие, иако не е вообичаено тоа да се прави во едно исто истражување.

Методот на самопријавување го отфрливме, бидејќи сметавме дека е помалку адекватен за оваа појава - очекувавме дека многу малку од испитаниците ќе признааат дека се насилници во рамките на своето семејство; според тоа, претпоставувавме дека преку овој метод ќе се обезбедат многу малку сознанија за појавата.

За нас најприфатлива беше виктимолошката анкета. Ние се определивме да ја истражуваме темната бројка кај семејното насилство преку виктимолошка анкета бидејќи:

- сметавме дека жртвите ќе бидат поподготвени за соработка, тргнувајќи од фактот дека полесно е да се признае статусот на жртва, отколку статус на сторител на насилство, независно кон кого е насочено;
- ќе се дојде до повеќе податоци за видот, природата и причините на семејното насилство, како и до повеќе податоци за личноста на жртвата и на сторителот.

Значи, истражувањето беше насочено кон потенцијалните жртви - жените. Од нив баравме да се изјаснат дали биле жртви на одредени однесу-

вања кои, според нашето дефинирање, претставуваат компонента на семејното насилство.

Едновремено бевме свесни дека сите жени - жртви на насилство нема да изразат подготвеност да го пријават своето искуство, земајки го предвид фактот дека тие имале причина поради која не го пријавиле насилството, па тешко може да се очекува дека сите ќе бидат подготвени да прифатат соработка со реализаторите на истражувањето. Значи, очекувавме дека еден дел од темната бројка кај насилството врз жената нема да може да се опфати со истражувањето, ќе остане неоткриен.

Тргнувајки од тоа сознание, а со цел да се дојде до што повеќе податоци за оваа појава, се определивме за примена на уште една методолошка постапка - давање информација за друго лице. Жените кои не пријавија дека се жртви на насилство, се вклучуваа во другото ниво на истражувањето - од нив беше побарано да се изјаснат за тоа дали познаваат жена која е жртва на насилство во рамките на своето семејство, како и да дадат други информации во врска со насилството. На таков начин сметавме дека дел од жените жртви на насилство, кои во првиот дел од истражувањето не ја признале таа состојба, можеби ќе бидат подготвени тоа да го сторат преку пријавување на друго лице. Сметавме дека со примената на оваа методолошка постапка ќе се добијат дополнителни сознанија за распространетоста на насилството врз жените на нашите простори.

### *6.Примерок на истражувањето*

Истражувањето беше спроведено на примерок од 850 испитанички - полнолетни лица од женски пол, што е повеќе од 1 промил (1,3 промила) од вкупната женска популација во земјата. И територијално, со истражувањето беше покриена целата држава, при што беа опфатени, како градски така и селски населби. Поконкретно, истражувањето се спроведе во 14 градови и во едно или две села што припаѓаат на тие општини, вкупно во 21 село.

Примерокот на истражувањето во одредена мера беше определен од појавата која беше во фокусот на истражувањето, нејзините варијанси бараа

отстапување од примерок со репрезентативни карактеристики. Имено, мултиетничкиот карактер на државата од една страна, и сознанијата дека културата, традицијата, ставовите кон жената, нејзиното место, улога и положба во бракот и семејството во одредена мера го детерминираат семејното насилство, од друга страна, претпоставуваше да се идентификуваат специфичностите на насилството врз жената во различните национални и етнички групи, со што би се создала сознајна основа за подобро разбирање на семејното насилство во целина, и во посебните етнички групи; би се определиле насоките за идните продлабочени истражувања и би се обезбедиле сознанија за градење на стратегија за спречување на семејното насилство, во која е неопходно да бидат вклучени и почитувани специфичностите на семејното насилство во различните национални и етнички групи, за да може да се дејствува врз нивното надминување.

Од тие причини, со цел да се дојде до валидни податоци, во примерокот требаше да се вклучат доволен број испитанички - припаднички на националните и етничките групи, особено од оние за кои се знаеше дека има изразено присуство на семејно насилство (ромска популација), независно од нивната пропорционална застапеност во вкупната популација на Македонија.

Ваквата наша определба претставуваше тешкотија за конципирање на примерокот, од причина што кај нас не постојат чисто етнички населби. Заради тоа, обликувањето на примерокот се одвиваше во две фази. Во првата фаза, по определувањето на градовите и селата каде што требаше да се реализира истражувањето, се пристапи кон идентификација на деловите од градовите во кои требаше да се спроведе анкетата. Определувањето на градските реони се вршеше врз основа на избирачките списоци, а преку специфичните карактеристики на личните имиња се определуваа улиците со претежна населеност со припадници на одредени национални или етнички групи. Како што можеше да се претпостави, а истражувачкиот материјал потврди, оваа постапка не ги обезбеди до крај нашите барања за застапеност на припадничките на национални и етнички групи, од причина, како што веќе наведовме, што не постојат чисто етнички подрачја, улици итн. После

идентификувањето на улиците беше определен бројот на домаќинствата што требаше да бидат анкетирани. По правило, се анкетираа по пет домаќинства во улица; исклучок беа улиците кои минуваа низ целиот град, каде што бројот на домаќинствата што требаше да бидат анкетирани беше поголем.

Во втората фаза, нашите соработнички, во претходно определените улици од градот вршеа случаен избор на домаќинствата, со чекор определен од големината на улицата и бројот на домаќинствата што требаше да бидат анкетирани. Во селата изборот го правеа самите соработнички, меѓутоа имаа упатство да биде покриено целото село, од просторен аспект. Во селата беа анкетирани вкупно по пет до десет домаќинства, односно испитанички.

Во последната етапа од оваа фаза се определуваше лицето кое требаше да биде анкетирано. Во рамките на определеното домаќинство се анкетираше женско лице постаро од 18 години чиј роденден следеше прв. Оттука, единица на истражување беше домаќинство, а извор на сознание полнолетна жена од домаќинството.

Почитувајки ги претходно назначените критериуми добивме примерок со следните карактеристики:

**ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**

**ВОЗРАСТ**

| | | |
|---|---|---|
| До 24 години | 71 | 8.4 |
| Од 25 до 29 | 119 | 14.0 |
| Од 30 до 34 | 135 | 15.9 |
| Од 35 до 39 | 118 | 13.9 |
| Од 40 до 44 | 110 | 12.9 |
| Од 45 до 49 | 104 | 12.2 |
| Од 50 до 54 | 69 | 8.1 |
| Од 55 до 59 | 45 | 5.3 |
| Од 60 до 64 | 35 | 4.1 |
| Над 65 | 42 | 4.9 |

| | | |
|---|---|---|
| Одбива да одговори | 2 | 0.2 |
| Вкупно | 850 | 100.0 |

**ВРАБОТЕНОСТ**

| | | |
|---|---|---|
| Вработена | 269 | 26.4 |
| Невработена | 173 | 20.4 |
| Домакинка | 258 | 30.4 |
| Работи - непријавена | 17 | 2.0 |
| Стечајна работничка | 20 | 2.4 |
| Технолошки вишок | 13 | 1.5 |
| Пензионерка, инвалид | 77 | 9.1 |
| Оди на училиште | 15 | 0.8 |
| Земјоделка | 4 | 0.5 |
| Приватник, бизнисменк | 1 | 0.1 |
| Друго | 2 | 0.2 |
| Не знае | / | / |
| Одбива да одговори | 1 | 0.1 |
| Вкупно | 850 | 100.0 |

**ОБРАЗОВАНИЕ**

| | | |
|---|---|---|
| Без образование | 51 | 6.0 |
| Незавршено основно | 117 | 13.8 |
| Завршено основно | 243 | 28.6 |
| Средно образование | 309 | 36.4 |
| Више образование | 56 | 6.6 |
| Високо образование | 70 | 8.2 |
| Магистратура | 2 | 0.2 |
| Докторат | 2 | 0.2 |
| Одбива да одговори | / | / |
| Вкупно | 850 | 100.0 |

**НАЦИОНАЛНОСТ**

| | | |
|---|---|---|
| Македонка | 515 | 60.6 |
| Муслиманка | 167 | 19.6 |
| Турчинка | 20 | 2.4 |
| Ромка | 93 | 10.9 |
| Србинка | 42 | 4.9 |
| Друга националност | 13 | 1.5 |
| Одбива да одговори | / | / |
| Вкупно | 850 | 100.0 |

**РЕЛИГИОЗНА ПРИПАДНОСТ**

| | | |
|---|---|---|
| Православна | 556 | 65.4 |
| Муслиманска | 267 | 31.4 |
| Католичка | 8 | 0.9 |
| На ниедна - атеистка | 11 | 1.3 |
| Друга | 3 | 0.4 |
| Одбива да одговори | 5 | 0.6 |
| Вкупно | 850 | 100.0 |

**БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ НА ДОМАЌИНСТВОТО**

| | | |
|---|---|---|
| 1 член | 27 | 3.2 |
| 2 члена | 79 | 9.3 |
| 3 члена | 128 | 15.1 |
| 4 члена | 254 | 29.9 |
| 5 члена | 164 | 19.2 |
| 6 члена | 106 | 12.5 |
| 7 члена | 40 | 4.7 |
| 8 члена | 22 | 2.6 |
| 9 члена | 10 | 1.2 |
| 10 и повеќе | 18 | 0.1 |
| непознато | 2 | 0.2 |

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно | 850 | 100.0 |

**БРАЧНА СОСТОЈБА**

| | | |
|---|---|---|
| Мажена | 704 | 82.8 |
| Живее како пар | 13 | 1.5 |
| Разведена | 39 | 4.6 |
| Одвоена | 6 | 0.7 |
| Вдовица | 44 | 5.2 |
| Сама | 29 | 3.5 |
| Има постојан партнер | 15 | 1.8 |
| Одбива да одговори | / | / |
| Вкупно | 850 | 100.0 |

**МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ**

| | | |
|---|---|---|
| Град | 635 | 74.7 |
| Село | 215 | 25.3 |
| Вкупно | 850 | 100.0 |

## *7.Техника на собирање на податоците*

Контактот со потенцијалните испитанички започнуваше со претставување на нашите соработнички, а претставувањето беше стандардизирано. Беа предвидени две ситуации, и согласно на тоа имаше два типизирани модела на претставување, во зависност од полот на лицето со кој се оствaруваше првиот контакт.

Во случај кога соработничката првиот контакт го остварува со машко лице, таа се претставува со наведување на организаторот, нарачателот и темата на истражувањето, и бара да оствари контакт со полнолетно женско лице од домаќинството.

Доколку пак првиот контакт е остварен со женско лице од домаќинството, покрај наведувањето на организаторот и нарачателот на истражувањето, се дава подетални информации за проектот, целта на

истражувањето, значењето на проектот, а особено се потенцираше доверливоста и анонимноста на одговорите. На жените кои беа колебливи и изразуваа сомневање, им беа понудувани броевите на телефоните и имињата на конкретни личности - претставници на нарачателот и на реализаторот на истражувањето, од кои можеа да добијат повеќе и подетални информации за самото истражување, како и потврда за вистинитоста на кажаното од страна на соработничката.

Анкетирањето беше непосредно, се спроведуваше според принципот face to face.

Во реализацијата на анкетата беа вклучени 25 соработнички. Со оглед дека тие имаа мошне значајна улога за успешноста на целиот истражувачки зафат, на прашањето на изборот на соработничките му беше посветено исклучително внимание. Беа изготвени критериуми за избор на анкетарки, критериуми за кои сметавме дека можат да обезбедат соодветни соработнички за ова истражување. Основен критериум беше возраста: се определивме за повозрасни соработнички од околу 40 и повеќе години. Овој критериум беше наметнат од чувствителноста на проблемот што го истражувавме. Претпоставуваме дека потенцијалните жртви полесно ќе проговорат за своето лошо, трауматично искуство пред непозната жена со повеќе години, со поголемо животно искуство, како и со можност и самата да се нашла во идентична ситуација, па според тоа може да се очекува и поголемо разбирање од нивна страна. Но, и обратно: претпоставуваме дека приодот на овие жени, ќе биде посоодветен.

Од методолошки причини вклучивме и две соработнички на возраст помала од 25 години, со цел да ја провериме нашата претпоставка, но и да утврдиме, исто така, дали и колку возраста на анкетарката влијае врз пријавувањето на насилството. Значи, се работеше за постапка за стекнување на методолошко искуство. Други критериуми за кои се водеше сметка при изборот на соработничките беа образованието, комуникативноста на личноста, анкетарското искуство, или пак допирот со проблеми од социјалата. Тимот на соработничките кои ја спроведоа анкетата

беше со најмалку средно образование (поголем дел од нив беа со високо образование, а две соработнички беа доктори на науки со долгогодишно истражувачко искуство); еден дел од соработничките беа од вработените во Институтот, односно со одредено искуство во реализација на емпириски истражувања, имавме волонтерки од СОС телфоните, социјални работнички, педагози, една студентка и волонтерка во невладина организација. Станува збор за солиден анкетарски тим, што беше констатирано и преку добиениот емпириски материјал.

Обуката на соработничките беше направена преку групна инструктажа, но покрај тоа тие добија и дополнителни напатствија, и во секое време можеа да се обратат за дополнителни објаснувања, помош или интервенција на раководителката на проектот.

Реализацијата на анкетата помина релативно добро. Соработничките не се судрија со посебни проблеми, освен оние што се вообичаени за емпириски истражувања (да се пронајде улица, да се обезбеди испитаничка, одбивање на разговор итн.).

Исклучок е само еден случај, каде што сопругот на респонденткaта не само што бил вербално агресивен кон нашата соработничка, туку се обидел дури и да и го одземе прашалникот. Во случајот, респодентката претходно пријавила дека е жртва на насилство од страна на нејзиниот сопруг, а тоа тој мошне илустративно го потврдил со односот кон нашата соработничка.

Истражувањето беше реализирано од 2 до 30 јули. Заради тропските горештини што ја зафатија државата, еден краток временски период (околу една недела), во некои региони истражувањето беше прекинато, а некаде беше само намален интензитетот на реализацијата на анкетирањето.

Прашалникот беше на македонски јазик, а анкетирањето освен на македонски се одвиваше и на албански јазик. За реоните кои беа со претежно албанско население, а се претпоставуваше дека во доволна мера не го познаваат македонскиот јазик, беа ангажирани соработнички (пет) кои одлично ги познаваат двата јазика (македонскиот и албанскиот). На респодентките што не го познаваа македонскиот јазик прашањата им беа поставувани на

албански јазик, а одговорите во прашалникот беа внесувани на македонски јазик.

***8.Сшайка на одговарање***

Еден од индикаторите преку кои жените го изразуваа својот став кон предметот на истражувањето и оценката за значењето на оваа тема, претставуваше нивната подготвеност да прифатат разговор со нашите соработнички. Тој факт, одбивањето разговор, беше посебно евидентиран од страна на соработничките. Најопштата оценка на нашите соработнички, за изборот на темата на истражувањето, според искуството стекнато на теренот, е високо позитивна. Тие презентираа дека жените мошне добро ги примале, а во најголем број изразувале и благодарност што конечно почнало да се отвара и ова прашање. Ниту една жена не побарала телефонски број заради проверка или дополнителни информации. Одбивањето разговор, најчесто било поради недостиг на време (била на излегување, подготвувале зимница, обврски околу бебе), а во неколку случаи изразен е страв во врска со губењето на социјалната помош (Институтот за социолошки истражувања го доживувале како институција која се занимава со проблемите на социјалната помош), а најмал е бројот на оние кои одбиле да разговараат поради чуствителноста на самата тема.

По добивањето на емпирискиот материјал, констатиравме дека нашите соработнички посетиле вкупно 896 домаќинства, од кои во 46 домаќинства жените одбиле да го прифатат разговорот.

Разликата помеѓу бруто и нето примерокот изразена во проценти е 5.1%, заради што сметаме дека се работи за успешно спроведено истражу-вање.

## В Т О Р  Д Е Л

## Истражувачки резултати

### *Темната бројка кај насилството врз жената во Република Македонија*

Одговорот на најзначајното прашање што требаше да го даде ова истражување беше сознанието за обемот, односно распространетоста на насилството врз жената, преку утврдување на неговата темна бројка. При дефинирањето на предметот на истражувањето, истакнавме дека појавата на насилството врз жената, според нашето определување, ја сочинуваат физичкото насилството, психичкото насилство и сексуалното насилство. Оттука, во истражувањето се утврдуваше обемот на темната бројка посебно кај секоја компонента од насилството врз жената.

Она што како глобална констатација го понудија истражувачките резултати е сознанието за широката распространетост на насилството врз жената на нашите простори. Притоа, треба да се истакне различниот степен на распространетост на посебните видови на насилство. Утврдивме дека, највисоко пријавена е темната бројка кај психичкото насилство - 61,5% од испитаничките се изјаснија дека имаат лично искуство со некоја од содржините на психичкото насилство. Помалку од респондентките, поточно 23,9% од нив, потврдија дека биле жртви на физичко насилство, а најмалку (5.о%), што беше и во рамките на очекувањата, се изјаснија дека им бил нарушен сексуалниот интегритет.

Сознанијата за распространетоста на насилството врз жената претставуваат силен аргумент за потребата од итно менување на односот на општеството кон оваа појава, преку градење комплексен и систематски

приод. Исто така, можеби поитна е потребата од превземање конкретни мерки за давање помош и поддршка на жените - жртви на насилство, низ различни форми (засолништа, прифатилишта...) кои во светот широко се користат, а кај нас целосно отсуствуваат.

## 1..ПСИХИЧКО НАСИЛСТВО

### *1.1.Обем и содржина*

Во овој дел ќе се осврнеме на истражувачките резултати за обемот на темната бројка, видовите, содржините и другите карактеристики на психичкото насилство извршено врз жената од страна на нејзиниот сопруг/партнер.

Структурни елементи на психичкото насилство, според нашето определување во ова истражување, се: контрола врз сопругата/ партнерката, изолација на сопругата/партнерката  и однесувања кои предизвикуваат психички или емоционални повреди и страдања на жената - сопруга или партнерка. Овие димензии на психичкото насилство беа опфатени, односно операционализирани преку осум прашања.

Она што беше големо изненадување и за истражувачите е високиот степен на изложеност на овој вид на насилство на жените од нашата држава. Веќе споменавме дека, дури, 523 или 61,5% од испитаничките изјавија дека биле жртви на некој  облик на психичко насилство. Процентот е  поголем ако се одземат жените кои немаат маж/партнер. Во примерокот на истражувањето имаше 107 испитанички кои беа без маж/партнер.  Доколку тие се одземат од вкупниот примерок, се доаѓа до процентот од 70.4% на испитанички кои биле изложени на психичко насилство од страна на нивниот маж/партнер.

Сите  понудени содржини преку кои се вршеше операционализација на психичкото насилство беа искуствено потврдени од страна  на нашите испитанички, меѓутоа со различен интензитет:

Табела 1

**Жртви на психичко насилство, според видот**

| Вид на психичко насилство | Вкупно | Жртви | % |
|---|---|---|---|
| Претерано љубоморен и посесивен | 850 | 212 | 24.9 |
| Се обидува да ги ограничи контактите со фамилијата или пријателите | 850 | 81 | 9.5 |
| Инсистира да знае каде е и со кого цело време | 850 | 308 | 36.2 |
| Ја нарекува со погрдни имиња, ја напаѓа или се однесува на начин да ја замолчи и прави се да се чуствува лошо | 850 | 153 | 18.0 |
| Ја спречува да работи надвор од домот | 850 | 119 | 14.0 |
| Ја спречува да знае каде се или да ги користи парите, дури и ако праша | 850 | 82 | 9.6 |
| Неговиот збор секогаш е последен | 850 | 335 | 39.4 |

Како што може да се забележи од презентираните податоци, искуството на нашите испитанички со некои содржини на насилство од психичка природа е различно и се движи од 9,5% до 39,4% ако се посматра вкупната популација, односно од 15,5% до 64,0% ако се земат предвид само жените кои биле жртви на психичко насилство.

"Неговиот збор секогаш е последен"(39.4%) - најраспространет облик на партнерски односи, во кои се потенцира доминантната позиција на мажот, е секојдневие на секоја трета испитаничка. Овој модел на меѓупартнерски односи е една од основите на кои почиваат патријархалните односи, во кои позицијата на мажот е доминантна - тој раководи, одлучува, а позицијата на жената е инфериорна - таа треба да слуша, да трпи. Овие сознанија покажуваат дека матрицата на патријархални односи се уште многу интензивно се пренесува преку социјализаторскиот механизам. Ваков облик на меѓупартнерски односи почесто пријавуваат (во однос на нивната просечна застапеност) жените Албанки, невработените и домаќинките, оние во брак од 11 до15 години, со сопруг кој е невработен, со повисоко образование од нејзиното и никогаш што не пие.

Контролата врз сопругата, како компонента на психичкото насилство, е втора по зачестеност на нашите простори, според искуството на респодент-ките, а е изразена преку инсистирањето на сопругот/ партнерот да знае каде и со кого го поминува целото време (36.2%). Вакво искуство почесто прија-вија испитаничките Албанки, чиј сопруг е постар од нив и невработен. И овој облик на меѓупартнерски односи спаѓа во матрицата на патријархалното уре-дување на брачните односи, во која мажот има право на севкупна контрола врз сопствената сопруга.

Секоја четврта испитаничка (24.9%) се согласи со описот за претерано љубоморен или посесивен сопруг. Така почесто ги опишуваат своите сопрузи - Ромките, испитаничките кои се во брак од 11 до15 години и оние чиј сопруг е невработен.

Испитаничките, помалку (18.0%) во однос на претходно коментираните облици на насилство, се изјаснија дека нивните сопрузи/партнери се вербално агресивни или се однесуваат на начин тие да се чуствуваат лошо, повредено, понижено. Така почесто се изјаснија помладите респондентки, невработените и домаќинките, оние чии сопрузи се невработени, со пониско образование од нив и кои алкохол консумираат секојдневно.

Забраната да работи надвор од домот е содржина на облик на однесу-вање кој поретко (14.0%) го пријавија нашите испитанички. Овој облик на однесување е најприсутен кај албанското национално малцинство. Имено, 34.7% од Албанките го пријавија како лично искуство, 14.0% од Ромките, а најмалку, 7.4% од Македонките. Оваа забрана претставува објективна пречка во процесот на еманципацијата на жената и води кон задржување на тради-ционалните односи во бракот и семејството. Во однос, пак, на другите карак-теристики, овој облик на насилство почесто го пријавија испитаничките што се во брак помеѓу 6 и 10 години, со ниски приходи во домаќинството, чиј сопруг е со повисоко образование од нивното, невработен, и никогаш не пие.

Најмалку присутни однесувања на нашиве простори, според искуството на испитаничките, се ограничување на контактите на жените со

фамилијата или пријателите (9.5%) и спречува да знае каде се, или да ги користи парите, дури и ако праша (9.6%).

Истражувачките сознанија покажаа дека, кога постои насилство од психичка природа, по правило, тоа не се изразува преку еден, туку преку повеќе облици. Тоа покажува дека се работи за еден покомплексен однос со кој жените се држат под контрола, изолација, пониживачки. Во нашето истражување жените пријавија 1355 поединечни однесувања на различни облици на психичко насилство чии жртви биле, или во просек тоа се 2,6 облика на психичко насилство по испитаничка - жртва.

### *1.2. Ризични категории за жртва на психичко насилство*

Жртви на психичко насилство, во нашата држава, почесто се жени на возраст од 30 до 44 год., домаќинки, со ниско образование - до завршено осумгодишно училиште, со најниски примања по домаќинство до 5.000,00 денари, во брак од 10 - 20 години, чиј сопруг е постар од нив, невработен, со повисоко образование и никогаш не пие.

Една од многуте сведочења за случувањата од ваков вид е животната приказна од домот на В. :

***"Со М. се запознавме преку наши заеднички пријатели. Случајно. Ми се допадна на прв поглед, очигледно и јас нему, зашто по неколку дена ми се јави по телефон и предложи да се видиме, да излеземе некаде. Уште на таа прва средба откривме дека имаме многу заеднички нешта: и двајцата сакавме да читаме, и двајцата сакавме иста музика, најдовме многу заеднички точки во нашите светогледи. Не требаше многу и долго да се вљубам во него, да се најдам на седмото небо. По 4 месеци се венчавме. Моите родители се бунеа малку, мислеа дека не треба да избрзуваме со бракот, дека треба да си дадеме време да се запознаеме малку повеќе (иако јас имав 27 а тој 33 години). Веројатно тие гледале нешто малку повеќе отколку што можев да видам јас од моето седмо небо.***

***Уште на почетокот тој ја покажа својата љубомора и посесивност. Меѓутоа, мене не само што не ми пречеше тоа туку и ми импонираше, затоа што мислев дека е израз на неговата љубов кон мене.***

***Уште во првите денови од бракот ми даде до знаење дека е алергичен на секој вид козметика, дека впрочем на една пристојна и мажена жена не и ни доликува да се шминка како некоја глумица или боже прости ми оросипија. Премногу вљубена ништо не реков и ја премолчев таа негова изјава, го направив всушност првиот погрешен чекор кон спасот на нашата среќа. Не требаше многу и долго време за тој да си ги земе сите слободи и права над мене, над моите мисли, над моето расположение, над моето однесување. Не сакаше да излегуваме како порано, му пречеа телефонските разговори со моите родители, роднини, пријателки. За сите нив имаше по некое погрдно име, а најмногу за мене. Првин бев овца, потоа коза, па гуска, павијанка - брзо напредуваше мојата еволуција, но никако да станам тоа што всушност бев. Се што ќе речев не чинеше, се што ќе направев не чинеше. Од ден-на ден тој се претвораше во олицетворение на совршенството а јас во олицетворение на глупоста, на неспретноста, на неспособноста. И навистина почнав да станувам таква. Чиниите ми паѓаа од рака, кажував работи што не ги мислев, понекогаш станував смешна и во сопствените очи, со некоја глупост што ке ја треснев или направев. Почна да ме навредува и пред други луѓе, пред оние малку луѓе со кои контактиравме. Не го поднесуваше дури и сопствениот брат за кој отворено ми рече дека со задоволство би ме легнал, односно дека и јас не би ја пропуштила шансата ако ми се даде. Често ме распрашуваше со колку мажи сум спиела пред него и сам си одговараше, бидејки јас навистина немав сили да се ставам во сопствена одбрана. А и веќе беше доцна. Се најдов во некаков црн обрач од кој се почесто и почесто посакував да излезам. Ја изгубив желбата за работа, се почесто киксирав во извршувањето на моите работни обврски. Промените кај мене ги забележуваа и моите колеги, а и моите родители, кои иако ретко ги гледав некако премолчно ми даваа до знаење дека знаат***

***за се шшо се случува со мене и дека се на моја сшрана, дека ќе ја имам нивнаша йоддршка за било каква одлука да донесам во врска со мојош живош и мојош брак.***

***- Не, никоіаш не ме удрил. Тој само оірабуваше дел йо дел од мене. Делови кои сеіа сакам, очајно сакам да си іи йоврашам, да си іи сосшавам, да йродолжам нормално да живеам."***

***(Македонка, на возрасш од 38 іодини, со високо образование, чиј сойруі е йосшар од неа 6 іодини, и е со йовисоко образование од нејзинощо).***

## 2. ФИЗИЧКО НАСИЛСТВО

### *2.1. Обем и содржина на физичкошо насилсшво*

Во делот во кој говоревме за дефинирањето на семејното насилство истакнавме дека постојат повеќе дефиниции, кои се разликуваат по содржинското определување на поимот насилство и по широчината на опфаќање на појавата. Најтесното дефинирање на семејното насилство го акцептира само физичкото насилство, и тоа се дефинира како: употреба на физичка сила или закана дека ќе биде употребена физичка сила спрема брачниот или вонбрачниот партнер или спрема друг полнолетен член на семејството. Дефиниција која ја прифаќаме како основа за дефинирање на физичкото насилство.

За нашето истражување дефиницијата за физичкото насилство претставува: употребена физичка сила или, пак, закана дека истата ќе биде употребена врз жената од страна на нејзиниот брачен другар или вонбрачен партнер или од друг полнолетен член од нејзиното домаќинство.

Ова определување, како дефиниција за физичкото насилство, го операционализиравме низ 12 компоненти кои претставуваат сериозни физички закани или однесувања што значат напад врз физичкиот интегритет на личноста на жената. Секоја од компонентите на физичкото насилство беше формулирана во прашање и респондентките одговараа дали имаат лично искуство од таков вид на поведение во рамките на своето семејство.

Истражувачките резултати покажаа дека семејното насилство во Македонија, на начин на кој претходно го дефиниравме, се наметнува со сета сериозност и комплексност. Имено, речиси секоја четврта испитаничка се изјасни дека и бил нарушен физичкиот интегритет во рамките на семејството. Во овој контекст сакам да го презентирам и искуството од теренот на нашите соработнички, кои укажаа дека жените се почести жртви на насилство отколку што пријавуваат. Најдецидна во тој поглед беше една наша соработничка, инаку социјален работник по професија и со долгогодишно работно искуство, чиј впечаток е дека над 60% од жените со кои разговарала имале искуство со физички напад или закана. Можеби уште повпечатливо е сознанието на нашите соработнички, а се однесува на зачуденоста на голем број испитанички за поставувањето на прашањето дали им биле удрени шлаканици, бидејки, како што тврделе, нема жена што не добила шлаканици, а тоа не претставува физичко насилство и не дозволувале да се регистрира како такво ("не бележете - тоа не е ништо, тоа е нешто што се случува во секоја куќа").

Стапката на пријавување на физичкото насилство, според сознанијата од истражувањето, е 23,9% или 202 од вкупно анкетираните жени пријавија дека имаат лично искуство со нарушување или загрозување на физичкиот идентитет.

Однесувањата со кои се загрозувал или нарушувал физичкиот интегритет на жените - испитанички се разновидни по содржина и со различен интензитет застапени.

Табела 2

**Жртви на физичко насилство, според видот**

| Вид на насилство | Вкупно | Н | % |
|---|---|---|---|
| Физички, или пак на друг начин, закана | 202 | 147 | 72,8 |
| Фрлано со нешто што можело да ја повреди | 202 | 102 | 50,5 |
| Удирана, зграпчена или турната | 202 | 133 | 65,8 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| И ја свиткал раката или ја влечел за косата | 202 | 81 | 40,1 |
| Удар на шлаканица | 202 | 161 | 79,7 |
| Клоцана, гризната или удрена со тупаница | 202 | 94 | 46,5 |
| Се обидел да ја дави, и ја затнал устата | 202 | 34 | 16,8 |
| Ја тепал | 202 | 130 | 64,4 |
| Ја удрил со предмет | 202 | 79 | 39,1 |
| Ја изгорел или попарил | 202 | 9 | 4,4 |
| Употребил нож или пиштол | 202 | 17 | 8,4 |
| Бил насилен на некој друг начин | 202 | 59 | 29,2 |

Истражувачките сознанија зборуваат дека жените од нашата држава често, поточно, секоја четврта од испитаничките, била изложена на физичко насилство, преку различни негови манифестации. Она што исто така може да се заклучи е дека, кога постои насилство во семејството, тоа се изразува низ повеќе различни облици, полесни и потешки. Според пријавените облици на насилство, секоја од жените - жртви била изложена, во просек, на 4.6 различни облици на насилство. Најчести се шлаканиците (79.7%), заканите (72.8%) и тепањето. Најретки се најтешките облици на насилство - горење или попарување (4.4%) и употреба на нож или пиштол (8.4%). Меѓутоа, и други тешки облици на физичко повредување и малтретирање се често застапени - затнување на устата, односно давење (16.8%) и удирање со тупаница или гризење, однесувања кои ги искусила секоја втора жена.

### *2.2. Кој е насилникот*

Најчесто, во улогата на насилник врз жените од нашите простори, што впрочем е и во рамките на очекувањето, е сопругот (актуелниот и поранешен 81,7%). Другите членови од домаќинството многу ретко биле физички насилни кон испитаничките.

Табела 3

**Кој е насилник**

| Насилник: | Н | % |
|---|---|---|
| Сопругот/партнерот | 143 | 70.8 |

| | | |
|---|---|---|
| Свекор/свекрва | 4 | 2.0 |
| Мајка/татко | 4 | 2.0 |
| Девер, јатрва, золва | 1 | 0.5 |
| Браќа, сестри, снаи | 2 | 1.0 |
| Син, ќерка | 3 | 1.5 |
| Други роднини | 2 | 4.0 |
| Поранешен сопруг | 22 | 10.9 |
| Повеќе роднини | 12 | 5.9 |
| Без одговор | 9 | 3.5 |
| Вкупно | 202 | 100.0 |

Иако другите членови на домаќинството, многу поретко (околу 18% сите заедно) во однос на сопругот, насилнички се однесувале кон жените - респондентки, и тоа сознание заслужува одреден коментар. Ако се посматра степенот на сродството (прашањето се однесуваше само за насилство од страна на членовите на домаќинството), според одговорите може да се заклучува дека кај нас постојат проширени семејни заедници.

Некои од нив се резултат на традиционалното живеење, а некои се присилно создадени во ова време на криза, за полесно преживување. Во такви услови, особено кога се во прашање проширени домакинства, чии членови се приморани да живеат заедно (од економски причини), доаѓа до намалување на станбениот стандард, и ако на тоа се додадат сите проблеми што произлегуваат од материјалните неприлики, станува јасно дека постојат околности кои ги фрустрираат членовите на семејствата, кое, секако, може да биде причина и за агресивно однесување.Тоа е и едно од објаснувањата за регистрираното насилство врз жената кои живеат во проширени семејни заедници, што може да се поврзе со состојбата на криза во која се наоѓаат добар дел од граѓаните на нашата држава.

### *2.3. Зачестеност на јавувањето*

Сериозноста на проблемот на семејното насилство во неговата физичка димензија, може да се согледа и преку неговата зачестеност како поединечен настан. Од тие причини, од испитаничките побаравме да го прецизи-

раат бројот на однесувањата, како посебни настани, кога им бил нарушен физичкиот интегритет.

Табела 4

**Колку пати им бил нарушен физичкиот интегритет**

| | Н | % |
|---|---|---|
| Еднаш или двапати | 40 | 19.8 |
| Од 3 до 10 пати | 44 | 21.8 |
| Од 11 до 20 пати | 18 | 8.9 |
| Повеќе од 20 пати | 53 | 26.2 |
| Не може да се сети | 27 | 13.4 |
| Одбива да одговори | 20 | 9.9 |
| Вкупно | 202 | 100.0 |

Најопшта констатација што може да се извлече од понудените сознанија е дека жените биле жртви на повеќепатно физичко насилство. Најмногу, секоја четврта жена, посочила дека 20 и повеќе од 20 пати била физички нападната во рамките на своето семејство, најчесто од страна на нејзиниот сопруг.

За попрецизно да се согледа вистинскиот обем на физичкото насилство на кое биле изложени нашите испитанички, се обидовме математички да ги квантифицираме како поединечни однесувања, и тоа на следниот начин: за испитаничките кои пријавија дека биле жртви на физичко насилство еднаш до двапати, пресметувавме како само еднаш да им се случило, за оние што се изјаснија дека се жртви од 3 до 10 пати пресметувавме како 6 пати, за испитанички кои пријавија дека се жртви 10 до 20 пати земавме просек од 15 пати, а за респондентките кои се изјаснија дека 20 и повеќе пати биле физички нападнати го земавме долниот лимит од 20 пати, додека, пак, за оние кои изјавија дека не можат да се сетат колку пати тоа им се случило се определивме за 5 пати.

Табела 5

**Колку пати им бил нарушен физичкиот интегритет**

| Број на случувања | просек | број | вкупно |
|---|---|---|---|
| Еднаш или два пати | 1 | 40 | 40 |
| Од 3 до 10 пати | 6 | 44 | 264 |
| Од 11 до 20 пати | 15 | 18 | 270 |
| Повеќе од 20 пати | 20 | 53 | 1060 |
| Не може да се сети | 5 | 27 | 135 |
| Вкупно | | | 1769 |

Како што може да се констатира од направените пресметувања, нашите испитанички најмалку (велиме најмалку бидејки при пресметувањето ги земавме најмалите вредности, поради што со сигурност можеме да тврдиме дека обемот на физичкото насилство кај испитуваната популација е многу поголем) 1.769 пати, како поединечни однесувања, биле жртви на физичко насилство. Ако оваа состојба ја сведеме на просек, излегува дека секоја од 202-те жени - жртви на физичко насилство, просечно по 87 пати биле физички нападната или малтретирана.

### *2.4. Време на случувањата*

Со цел да го утврдиме периодот кога испитаничките трпеле насилство во рамките на семејството, побаравме да го лоцираат времето на последниот настан на физичко насилство.

Табела 6

**Кога се случил последниот настан**

| Време | Н | % |
|---|---|---|
| Во последните 12 месеци | 79 | 39.1 |
| Меѓу 1 и 5 години | 63 | 31.2 |

| | | |
|---|---|---|
| Меѓу 6 и 10 години | 15 | 7.4 |
| Меѓу 10 и 20 години | 10 | 4.9 |
| Повеќе од 20 години | 2 | 1,0 |
| Не може да се сети | 13 | 6.4 |
| Одбива да одговори | 20 | 9.9 |
| Вкупно | 202 | 100.0 |

Како што може да се види, најчесто се работи за актуелно насилство. Речиси 40% (39,1%) од жените живеат во услови на трпење на физичко насилство, насилство сторено во последната година. Најмногу од овие жени се изјаснија дека последен пат се тепани во последниот месец. Втора по зачестеност е категоријата на испитанички (31.2) кои пријавија дека последното физичко нарушување или загрозување го искусиле во последните пет години. Интересно е дека и нивните одговори повеќе беа концентрирани кон насиството од "понов датум". Оттука, може да се констатира дека, во нашата држава, во последниве години доаѓа до зголемување на стапката на физичкото насилство врз жените. Ова сознание треба да се посматра и од аспект на кризата во општеството (за што веќе претходно дадовме одреден коментар) зашто факт е дека добар дел од граѓаните живеат во голема оскудица - околност која во содејство со други фактори, може да го поттикнува насилството. Овие податоци, сами по себе претставуваат и силен аргумент за оправданоста на ова истражување, а ја наметнуваат и потребата од превземање организирани и систематски мерки во насока на намалување на семејното насилство и ублажување на последиците што ги предизвикува..

### *2.5.Време на најчестите случувања*

Вниманието во истражувањето го насочивме и кон утврдувањето на времето (ден и часови) кога најчесто се случувало насилството. Притоа, претпоставка од која тргнавме беше, дека насилството најинтензивно ќе биде изразено во деновите кога членовите на семејстото поминуваат повеќе време заедно, кога постојат поводи за консумирање на алкохол (согласно на нашите

навики), односно во време на викендите и празничните денови. Меѓутоа, истражувачките резултати не покажаа некоја специфичност во однос на деновите од неделата кога физичкото насилство е поизразено, наспроти на нашите очекувања.

Табела 7

**Ден во неделата кога најчесто се случувало насилството**

| Ден | Н | % |
|---|---:|---:|
| Во обични денови | 66 | 32.7 |
| Во денови од викенд | 15 | 7.4 |
| Во празнични денови | 15 | 7.4 |
| Во сите денови | 54 | 26.7 |
| Не може да се сети | 42 | 20.8 |
| Одбива да одговори | 10 | 4.9 |
| Вкупно | 202 | 100.0 |

Значи, најчестите одговори (59.4%) дека насилството се случувало во обичните денови и во сите денови, покажуваат дека во тие семејства не се потребни посебни поводи за насилство врз жената, односно тие латентно постојат или се измислуваат.

Во однос, пак, на времето од денот кога најчесто се случувало физичкото насилство, се забележуваат одредени специфичности:

Табела 8

**Време на случувањето**

| Време | Н | % |
|---|---:|---:|
| Претпладне | 8 | 3.96 |
| Напладне | 7 | 3.47 |
| Навечер | 53 | 26.24 |
| Во ноќните саати | 21 | 10.4 |
| Во било кое време | 76 | 37.62 |

| | | |
|---|---|---|
| Не може да се сети | 21 | 10.4 |
| Одбива да одговори | 10 | 4.95 |
| Никој | 6 | 2.97 |
| Вкупно | 202 | 100.0 |

Најмногу од испитаничките (37.6%) изјавија дека тоа се случувало во секое време од денот. Нешто помалку (36.2%), како време за насилство ги посочија вечерните и ноќните часови. Се чини дека жените се побезбедни во претпладневните часови. Само 4.0% го посочија тој дел од денот како време во кое најчесто биле физички повредувани. Значи, поризично време за жените да бидат изложени на насилство се вечерните и ноќните часови.

Оттука, жените од нашата држава се изложени на насилство во сите денови од неделата и во секое време од денот, но нешто почесто во вечерните и ноќните часови. Најкратко кажано, не постои посебно време за насилство, секое е погодно.

### *2.6. Злоупотреба на мајката и детска виктимизација*

Прашања кои, според нашата оценка, беа значајни и заслужуваа да бидат ставени во фокусот на истражувањето, бидејки со нив се заокружуваа сознанијата за семејното насилство, а кои едновремено овозможуваа да се проверат одредени теоретски поставки, како и да се изврши споредба со емпириската практика во други земји, беа прашањата за виктимизацијата (физичка и сексуална) на жените - жртви во периодот на нивното детство и изложеноста на насилство на мајката (нејзината мајка и мајката на нејзиниот сопруг - партнер) од страна на нивните сопрузи.

Во тој контекст, на испитаничките им поставивме неколку прашања со таква содржина. За да можат да се идентификуваат специфичностите, истражувачките резултати ги презентираме заедно и паралелно за вкупната популација и за жените жртви на насилство.

Табела 9

**Виктимизација во детството и насилство врз мајката**

| | Вкупна популација | Жени - жртви |
|---|---|---|
| Насилство врз мајката | 12.4 | 34.6 |
| Физичко насилство во детството | 8.2 | 22.8 |
| Сексуално насилство во детството | 1.3 | 5.4 |
| Насилство врз мајката на сопругот - партнерот | 11.8 | 32.7 |

Податоците покажуваат дека секоја трета жена - жртва на насилство (34.6%) била сведок на насилно однесување насочено кон нејзината мајка од страна на нејзиниот татко или очув. Нешто помалку (28,2%) од испитаничките и самите биле жртва на насилство (физичко или сексуално) во времето на детството - до својата 15 година. Овие односи се трипати поизразени кај жените жртви на насилство споредени со вкупната популација на испитанички. Едно од можните објаснувања за оваа состојба (за децидно заклучување потребни се повеќе сознанија, а ние со такви не располагаме), е повисокиот праг на толеранција кон насилството од страна на жените кои во периодот на детството биле и самите виктимизирани или, пак, биле сведоци на виктимизација на нивната мајка, особено ако интензитетот на насилството на кое актуелно се изложени е помал од оној на кој биле изложени нивните мајки. Меѓутоа, може да станува збор и за отсуство на помош и поддршка од страна на примарното семејство за разрешување на нивната актуелна состојба.

Истражувачките резултати покажаа дека често, 32,7%, сопрузите/ партнерите на жените - жртви на насилство, потекнуваат од семејства во кои таткото бил насилен кон нивната мајка. Овој процент можеби е повисок, со оглед на сознанието дека секоја петта (21,7%) испитаничка се изјасни дека не и е познат овој факт. И во овој случај односот на застапеност е еден на спрема три помеѓу жените - жртви на насилство и вкупната популација на испитанички.

Значи, и податоците од нашето истражување се приближуваат до теоретската поставка, која има и емпириски потврда во одредн број истражувања, дека, често, семејните насилници потекнуваат од семејства во кои имало насилство. Ова произлегува оттаму што често децата се идентификуваат со своите родители и можат да усвојат (научат) модел на однесување кој значи агресивно реагирање на конфликтни ситуации. Значи, доколку постои идентификација со татко насилник може да се очекува, ако постојат и други неповолни фактори (на пример, научени родови улоги во патријархална смисла) дека и синот агресивно ќе се однесува..

Животот на Ј. е исполнет со многу насилство, животна приказна слична на многуте слични, слушнати за време на истражувањето:

***"Прв пат крена рака на мене кога бевме вереници, поточно само еден месец пред да се венчаме.***

***Таа вечер бевме на роденден кај моја братучетка. Тогаш имав 22 години а спаѓам во оние луѓе на кои им треба само да чујат убава музика па да почнат да цупкаат со нозете, во секој миг спремни да станат да заиграт. Мојот вереник, мојот сегашен маж не сака ни музика, ни играње, ни пеење, ни смеење.***

***Тогаш уште не знаев дека јас како негова идна сопруга треба да го сакам само тоа што тој го сака, да го правам само тоа што тој го сака.***

***Го прашав дали сака да играме, а тој намуртено ми одговори дека не сака, но јас ако сакам слободно можам да играм, да не се грижам за него.***

***Станав, тоа беше време на твист и групно играње па се придружив на групата што играше. Играв со душа и срце, но цело време фрлав погледи кон местото на кое седеше мојот вереник. Некој дел од посвеста ме опоменуваше дека не е во ред да го занемарувам, можеби тој ќе се навреди. А тој навистина се навредил, и тоа како. Во еден миг го видов како стана и се упати кон мене. Нешто ме штрекна во срцето. Престанав***

*да играм и се упатив кон него. Тој грубо ме фати за раката и без збор или поздрав со било кого од присутните се упативме надвор. Само што излеговме тој застана, грубо ме фати за рамената. Помислив дека ќе ме бакне. Наместо бакнеж добив шлаканица, една па уште една. Се стаписав, но успеав да го прашам зошто го стори тоа, што толку згрешив, што сторив, со што го заслужив тоа.*

*- Море знаеш ти, добро знаеш со што го заслужи тоа. Немој ти мене да ми изигруваш светица, јагненце, добро те гледав како играш и се гледаш со другите.*

*Немав храброст да зборувам, ни таа вечер, ни утредента, ниту било која ноќ или ден во животот. Ниту за таа шлаканица, ниту за сите други што сум ги добила од него. Но тоа не е ништо во споредба со другите негови бизарни специјалитети. Доживеав и тепање со ремен и бркање по куќата со пиштол, и заканување дека навистина еден ден ќе ме убие. И сето тоа во името на неговата љубов кон мене, во името на брачната честитост и верност, во името на моралот на неговата по чесност позната фамилија во која со генерации наназад се знаело кој е маж а кој е жена вокуќата.*

*Неколку пати во бес ме има изгорено со цигари; неколку пати во бес со ножицими има сечено фустани. Еднаш во присуство на децата фрли со ножици по мене. Еднаш, исто така во бес го грабна тенцерето од шпорет и се упати кон мене Среќа што во тој момент силно заѕвони ѕвоното на вратата, инаку и сега косата ми се крева  кога ќе помислам што можеше да се случи. Често помислував на развод, но долго време немав  храброст ниту да го спомнам тоа, а камоли да направам конкретен чекор. Искрено да си кажам по малку се плашев од неговата реакција, но уште повеќе од тоа што ќе зборуваат луѓето за мене, како тоа ќе го прифатат децата. Морам да кажам дека и кон нив  тој се однесуваше како кон негова приватна сопственост, како и кон мене. И тие и јас секогаш бевме во став „мирно„ пред него. Освен тоа, во очите на*

***светот мојот маж беше прекрасен татко, прекрасен сопруг, но уште повеќе од тоа познат и ценет раководител.***

***Работите малку се сменија кога потпораснаа децата, но и кога значително ми се наруши здравјето. Почнав да одам и на психијатар, неговите совети, морам да кажам значително ми помогнаа да закрепнам малку психички и да добијам храброст да се борам за себе и за децата. Не за него. Во меѓувреме тој замина од дома. Но не добив развод на бракот. Се уште сме формално во брак. Тој се гледа со децата, тоа е негова право. Се обидува повторно да живееме заедно, но како кога тој во ништо не е променет. И понатаму ме навредува, а еднаш кога бев покатегорична во моето одбивање, ми се закани и со убиство.***

***Се надевам дека ќе успеам да издржам до крај во битката за себе и каков таков мир на децата".***

***(Македонка, на возраст од 47 години, високо образована, вработена, со солидни примања).***

## 3.Сексуално насилство

### *3.1. Обем на сексуалното насилство*

Трет конститутивен елемент на семејното насилство, според нашето определување во ова истражување, е сексуалното насилство. Инаку, сексуалното насилство низ прашањата го дефиниравме како присила на сексуален однос или на друга сексуална активност.

За разлика од претходно презентираните сознанија за обемот на физичкото и психичкото насилство, сексуалното насилство е помалку застапено, односно пријавено од страна на нашите респодентки. Само 43 (5,0%) од нив изјавија дека биле жртви на сексуално насилство. Во овој контекст треба да се укаже и на податокот дека само 6 од испитаничките што пријавија дека биле жртви на сексуално насилство не биле жртви на физичко насилство. Оттука, може да се констатира дека сексуалното насилство, по

правило, оди со физичкото насилство, односно дека се работи за комбинирано насилство.

### *3.2. Кој е насилникот*

Запрашани за идентитетот на насилникот, испитаничките ги посочија следните лица:

Табела 10

**Кој е насилникот**

| Насилник | Н | % |
|---|---|---|
| Сегашен сопруг/партнер | 21 | 10.4 |
| Поранешен сопруг/партнер | 7 | 3.5 |
| Дечко | 3 | 1.5 |
| Татко/очув | 1 | 0.5 |
| Брат | 2 | 1.0 |
| Друг роднина | 2 | 1.0 |
| Познат | 4 | 2.0 |
| Непознат | 2 | 1.0 |
| Повеќе лица | 5 | 2.5 |
| Не ја присилил | 155 | 76.7 |
| Вкупно | 202 | 100.0 |

Најчесто (62,2%), сексуално насилство жените трпат од своите сопрузи - актуелни или поранешни. Она што прави впечаток, а воедно и загрижува, е дека жените сексуално се злоупотребувани и од своите роднини, прашање на кое во нашата земја воопшто не му е посветено внимание, особено на инцестот и последиците што тој ги остава зад себе.Ова (за инцестот) го споменуваме само да укажеме на значењето на овој проблем.

Овој дел го завршуваме со една од најтажните и најпотресните животни приказни слушнати за време на истражувањето, приказна забележана во сиромашниот дом на З, во еден од поголемите градови на Македонија. Живот кој многу добро ги илустрира сознанијата кои претходно ги презентиравме:

*Зенубе има 36 години, а изгледа како за 50. Зборува полека, тивко, како да се плаши дека тоа што ке го каже некој може погрешно да го сфати или да ја обвини за нешто, како да се плаши и од другите и од себе. Брчките на нејзиното чело, околу нејзините очи и усни се широки и длабоки, и веднаш човек помислува дека под тие брчки се кријат можеби уште поголеми, подлабоки, невидливи за голо око. А има не само брчки, туку и многу и огромни лузни во душата на Зенубе, за кои таа на почетокот и не сакаше отворено да зборува. Но има во очите на Зенубе некој пламен, некој жив оган кој го грее и нејзиното а и срцето на соговорникот.*

*Зенубе има усет за другите луѓе, некоја чудесна добрина која извира од длабочините на погледот, од длабочините на душата.*

*- И тебе работата не ти е лесна, ми вели. Сигурно среќаваш разни луѓе, слушаш за туѓите маки, а многу ги има по луѓето, секој сам си знае, секој човек своја приказна си има. Моето е лошо, но може да има и уште полошо, туку ајде кажи ми што те интересира, што сакаш да знаеш за мене. И прости ми, немам ништо да те почестам.*

*"Родена сум во Албанија. Татко ми, мајка ми, браќата и сестрите живеат во Албанија. Со мајка ми живее и мојот син. Не сум ги видела откога сум дојдена овде. Најтешко ми е за син ми. Тој не е како другите луѓе. Тој се роди како идиот. А знаеш ли зошто? Затоа што е плод на злодело. Злоделото што го изврши мојот брат над мене. Ме силуваше кога имав 15 години. Не еднаш, повеќе пати. И ден-денес не можам да си простам за тоа што тогаш не си го одзедов животот, а помислував, или барем на време да и кажев на мајка ми, на било кого. Да се поништеше навреме тој горчлив плод во мојата утроба, тој вечен срам и казна за мене и мојата фамилија".*

*Ниту се расплака, ниту гласот и затрепери.*

*- Одамна, си помислив во себе, оваа жена ги потрошила сите свои солзи.*

*- Добро, реков, Зенубе како дојде овде, дали тоа беше твоја желба или пак така сакаа твоите родители?*

*Ме продадоа, пресече Зенубе.*

*Не знам колку пари дал мојот маж, но купена сум за пари и на тоа тој постојано ме потсетува. Јас сум си робинка, маж ми може со мене да прави што сака и пред никого да не одговара за тоа. Нема кој да ме заштити. Ни татко, ни мајка, ни брат ни сестра, соседите и да сакаат не смеат, а децата се уште мали. И не се жалам јас себе си, туку овие три кутри душички кои веќе доволно разбираат, гледаат се, слушаат се, а не можат ништо да сторат. Се плашам за нив.*

*А што е тоа толку страшно Зенубе што ти го прави твојот маж?*

*Наместо одговор ми ги покажа рацете. Од прстите до лактот лузни од изгоретини - некои постари некои посвежи. Се стресов.*

*- Зарем тој ти ги направил Зенубе?*

*- Да. Често и за ништо ми го прави тоа. Понекогаш тоа ми го прави кога е пијан, понекогаш и трезвен, од чист ќеф. Клоците и шлаканиците не ги бројам, но лузните од изгоретините ги бројам и ме болат дури и кога ќе зараснат.*

*- Си се обратила ли досега на полицијата за помош?*

*- Да, повеќе пати. Ќе дојдат, ќе го држат еднаноќ или два-три дена во Станица и го пуштаат. Два-три дена е мирен, ништо не ми прави, потоа пак по старо.*

*- Жал ми е за децата, пак вели Зенубе. И срам ми е од нив, посебно од девојчето кое има 4 години, знаеш него го родив, а другите две, машките, ми се затечени. Срам ми е и од комшиите. Неколку пати ме има соблечено угул гола и исфрлено на улица сред зиме.*

*- Зошто Зенубе?*

*- Срам ми е да ти кажам, ама тој ме присилува за онаа работа во секое време и тоа сака да го правиме и пред децата. Ако му се спротивставам, тешко мене. Жал ми е за децата, пак вели Зенубе, а не знам како да им помогнам, како да ги заштитам, тој им е татко и каков е - таков е тие си го сакаат, и треба да го сакаат, само се плашам еден ден и тие да не станат како него - и ја завршува својата приказна Зенубе.*

***Мракот забрзано се спушта, се вселува во сиромашното одајче на Зенубе. Уште позабрзано во нејзината намачена душа. Навистина не знам како може да се помогне.***

## 4.ПОСЛЕДЕН ИНЦИДЕНТ

### *4.1. Зошто последниот инцидент*

Продлабоченото продирање во суштината на насилството врз жената го направивме преку утврдување на неговите видови, причини, околности под кои се случувало, преку последиците, реагирањето на жртвата итн., меѓутоа ситуирано во последниот настан. Сметавме дека со насочувањето на испитаничките кон последниот инцидент ќе добиеме посистематски и попрецизни сознанија, чија квантификација ќе обезбеди и поквалитетна анализа. Во овој контекст треба да се напомене дека истражувачките резултати се однесуваат само на физичкото и на сексуалното насилство, а не и на психичкото насилство.

### *4.2. Облик на насилство*

Доминантен облик на насилство, посматран и од аспект на последниот инцидент, е физичкото насилство.

Табела 11

**Облик на насилство - последен инцидент**

| Вид насилство | Н | % |
|---|---|---|
| Сексуален напад/ закана | 21 | 10.4 |
| Физички напад/ закана | 146 | 72.3 |
| Обата | 26 | 12.9 |
| Одбива да одговори | 9 | 4.5 |
| Вкупно | 202 | 100.0 |

Во контекстот на овие податоци би сакале да посочиме на една специфичност, која се однесува на обемот на пријавеното сексуално насилство. Имено, кај последниот инцидент сексуалното насилство е поизразено, има повисока стапка од претходно пријавената.[3] Тоа наведува на заклучокот дека испитаничките во одредени случаи го премолчувале сексуалното насилство, што, пак, говори и за ограничните можности на виктимолошката анкета, и дека со неа се открива само дел од темната бројка на семејното насилство.

### *4.3. Учеството на алкохолот во насилството*

Несомнено е дека алкохолот има значајна улога, односно може да се смета како сериозна причина за семејното насилство, поконкретно за насилството врз жената, барем на нашите простори. Во таа насока одат и одговорите на прашањто за тоа дали насилникот за време на инцидентот (последниот) бил под дејство на алкохол:

Табела 12

**Учество на алкохолот во последниот инцидент**

| Дали бил под: | Н | % |
|---|---|---|
| Алкохол | 104 | 51.5 |
| Дрога | 5 | 2.5 |
| Ниедно | 73 | 36.1 |
| Не знае | 8 | 3.9 |
| Одбива да одговори | 12 | 5.9 |
| Вкупно | 202 | 100.0 |

[3] Во делот од истражувањето на сексуалното насилство, 43 жени пријавија лично искуство за таков вид на насилство. Во овој дел, како последен инцидент такво насилство пријавија 47 жени, а 9 одбија да одговорат. Од жените кои одбија да одговорат може да се претпостави дека добар дел имаат искуство од сексуално насилство.Очигледно е дека сексуалното насилство е поизразено отколку што беше пријавено.

Како што може да се види, алкохолот бил присутен во секој втор инцидент на насилство. Имено, 51.5% од испитаничките пријавија дека за време на последниот инцидент насилникот бил под дејство на алкохол, и она што е посебно интересно 5 (2,5%) жени изјавија дека тој бил под дејство на дрога..

Кога се говори за алкохолизмот како причина за семејно насилство, треба да се нагласи дека тоа првенствено се однесува на православниот дел од нашите испитанички, бидејќи респондентнките со муслиманска вероисповед, особено Албанките, изјавија (најчесто) дека нивните сопрузи никогаш не пијат. Имено, од вкупниот број на испитанички 26.5% изјавија дека нивните сопрузи/партнери никогаш не пијат. Меѓутоа, во рамките на посебните национални и етнички групи тој однос е изразен на следниот начин: од Македонките 16.3% изјавиле дека нивниот сопруг/партнер никогаш не пие, за таков одговор се определиле 65.9% од Албанките и 23.7% од жените припаднички на ромската популација.

За разлика од насилниците, жртвите со насилството се соочувале трезни.

Табела 13

**Дали жртвата била под дејство на алкохол или дрога**

| Жртвата била под | Н | % |
|---|---|---|
| Алкохол | 2 | 1.0 |
| Дрога | 2 | 1.0 |
| Ниедно | 190 | 94.1 |
| Одбива да одговори | 8 | 3.9 |
| Вкупно | 202 | 100.0 |

Како што може да се види од табелата, дури 94.1% од испитаничките биле трезни кога физички се пресметувале со нив, а само по две жени биле под дејство на алкохол, односно под дејство на дрога.

За дружбата на алкохолот и насилството говори и животната сторија на една од нашите испитанички:

***"Се викам А. Имам 29 години. Откога знам за себе, знам што значи алкохолот, сиромаштијата, мрачната страна на животот. Не, јас не пијам. Но пие татко ми, пијат моите браќа, пиеше мојот прв маж. Има пиење и пиење, но татко ми кога ќе се напие од мирен човек станува ѕвер и подобро е тогаш никој да нема во негова близина. Неколку пати бил и во затвор поради бељите што ги правеше во пијана состојба. Ништо подобри од него не се ни моите браќа, ништо подобар од него не беше ни мојот прв маж од кого имам и дете. Мојот прв маж го оставив јас поради пиење и малтретирање, вториот ме остави мене поради неслагање со мојата фамилија. И од вториот маж имам дете. Сега имам љубовник - многу постар од мене. Тој си има жена, деца, внуци. Мислите дека тој ме издржува, дека ми дава пари. Не. Јас му давам пари нему, оние малку пари кои ги заработувам од чистење по куќи или питачење. Тој ме тера да питачам, а јас ги исполнувам сите негови желби и наредби. А што да правам? Пак сум трудна, од него. Сакам да имам ќерка. Сакам да ви кажам за последниот случај што се случи на сунетот на мојот најмал син Ранду. Испеков кокошка, направив салати, купив сокови. Ги поканив најблиските роднини и соседи. Арно ама само што почнаа да доаѓаат гостите, дојде брат ми напиен. Почна да пцуе, да вика, да ме навредува и мене и моето дете, а во еден момент почна да ги крши чиниите и шишињата што беа на масата. Во црна земја пропаднав од срам, а кога почнав да плачам тој почна да ме тепа крвнички. Да не беа гостите ќе ме скршеше од ќотек. Мојот љубовник стоеше од страна и само посматраше.***
***Љубов - што е тоа? Среќа што е тоа?"***

### *4.4.Употреба на оружје за време на последниот инцидент*

За време на последниот инцидент, ретко бил користен нож, пиштол или друго оружје.Тоа го потврдија нашите испитанички преку одговорите на прашањето поставено во таа насока.

Табела 14

**Дали насилникот користел оружје**

| Имал нож, пиштол | Н | % |
|---|---|---|
| Да | 11 | 5.5 |
| Не | 178 | 88.1 |
| Не знае | 2 | 1.0 |
| Одбива да одговори | 11 | 5.5 |
| Вкупно | 202 | 100.0 |

Значи, на нашите простори, најчесто се работело за непосредно насилство. Само во 5,5% од случаите, за време на последниот инцидент, насилниците имале пиштол, нож или друго оружје со кое можеле да ја повредат жртвата. Иако се работи за релативно мал број на случаи, тоа е сепак индикатор за сериозноста на насилството на кое се изложени жените.

### *4.5. Последици од насилството*

Насилството врз жената, многу често завршувало и со нејзино физичко повредување  За време на последниот инцидент, дури 65.8% (133 жени) од нашите испитанички биле физички повредени. Физичките повреди на испитаничките се изразувале на следниот начин:

Табела 15

**Физички повреди**

| Вид на повреда | Н | % |
|---|---|---|
| Модринки | 109 | 54.0 |

| | | |
|---|---|---|
| Посекотини, гребнатинки, изгоретини | 8 | 3.9 |
| Скршеници | 3 | 1.5 |
| Абортирање | 2 | 1.0 |
| Несвест | 1 | 0.5 |
| Повеќе повреди | 22 | 10.9 |
| Одбива да одговори | 20 | 9.9 |
| Нема повреди | 37 | 18.3 |
| Вкупно | 202 | 100.0 |

Најчест облик или поточно последица од физичкото насилство се модринките по телото на жената. Другите повреди, иако поединечно се ретко застапени, ако се гледаат заедно, сепак претставуваат 18% од нанесените повреди, кои по својата природа се тешки, и дозволуваат да се зборува за насилство со поголем интензитет.

### *4.6. Дали жртвите на насилство барале лекарска помош*

Од жените што изјавија дека биле физички повредени, секоја трета (33,1%) побарала лекарска помош. Меѓутоа, во разговорите, жртвите истакнувале дека иако им била потребна лекарска помош тие самите се лекувале, поради страв од насилникот или срам од насилството. Дури, ако се земе предвид само тој податок - секоја трета повреда била од таков карактер и била неопходна медицинска интервенција, се наметнува констатацијата за тежината на облиците на физичкото насилство на кои се изложени жените во нашата држава.

### *4.7. Како влијае насилството врз жртвите*

Жените тешко го поднесуваат животот со насилство. Тоа се манифестирало низ состојби што доведуваат до нарушување на здравјето или пак до конкретни заболувања. За тоа, впрочем, многу илустративно говорат одговорите на прашањето, како тоа (насилството) влијаело врз нив.

Табела 16

**Последици од насилството**

| Последица | Н | % |
|---|---|---|
| Губење самадоверба | 31 | 15.3 |
| Депресија | 33 | 16.3 |
| Нервно заболување | 6 | 2.9 |
| Несоница | 22 | 10.9 |
| Изолација | 16 | 7.9 |
| Фобија, страв | 25 | 12.4 |
| Повеќе модалитети | 40 | 19.8 |
| Одбива да одговори | 17 | 8.4 |
| Без влијание | 12 | 5.9 |
| Вкупно | 202 | 100.1 |

Губењето на самодовербата, депресијата, несоницата, стравот и фобијата се најчестите последици од насилничкото однесување врз жените. Тое се состојби кои влијаат врз сигурноста на жената, формираат несигурна личност, а тоа ја намалува способноста да реагираат, да се спротивставаат на насилникот, а на таков начин се создаваат услови за вртење во "маѓепсаниот круг на насилството."

### *4.8. Дали насилството е криминал*

Традиционалните односи во бракот и семејството, во кои за мажот е обезбедена доминантната позиција, која вклучува и севкупна контрола врз жената, а не го исклучува ниту насилството како регулатор на меѓусебните односи, се уште претставува дел од нашата култура, која социјализаторски се пренесува, за жал, во голема мера и се прифаќа од страна на жените. Најилустративен аргумент за оваа констатација е квалификувањето на насилничкиот настан од страна на испитаничките. На прашањето, дали поведе-

нието на својот сопруг го доживуваат како криминално, само 47.5% одговорија потврдно.

Табела 17

**Дали инцидентот е криминално поведение**

| Дали е криминал | Н | % |
|---|---|---|
| Да | 96 | 47.5 |
| Не | 52 | 25.7 |
| Не знае | 35 | 17.3 |
| Одбива да одговори | 19 | 9.4 |
| Вкупно | 202 | 100.0 |

Фактот што повеќе од половината од жените насилството што го трпат не го доживуваат како криминално поведение, говори во прилог на присутната патријархална матрица, која жената ги прави толерантни кон насилство, а со тоа ограничувачки делува за превземање конкретни активности за разрешувањето на таквата состојба, со што, пак, се создаваат услови насилството да продолжува до недоглед. Во оваа рамка треба да се бара и одговорот за високата темна бројка кај семејното насилство на нашите простори.

### *4.9. Дали инцидентот е пријавен на полицијата*

Веќе споменавме дака повеќе од половината од жените - жртви на насилство, насилничкото поведение не го доживуваат како криминален акт, па многу мала е веројатноста истите да го пријават на полицијата. Меѓутоа, интерсно е дека, дури и од жените кои инцидентот го квалификуваат како криминал, помалку од половината го пријавиле на полицијата.

Табела 18

**Дали инцидентот е пријавен на полицијата**

| Пријавен во полиција | Н | % |
|---|---|---|
| Да | 42 | 20.8 |
| Не | 154 | 76.2 |
| Одбива да одговори | 6 | 3.0 |
| Вкупно | 202 | 100.0 |

Податоците покажуваат дека стапката на пријавување на полицијата, само за последниот инцидент, е 20.8%. Овие сознанија заслужуваат уште еден краток коментар, кој се однесува на стапката на пријавување на насилството во полицијата, воопшто. Имено, жените кои се изјаснија дека инцидентот го пријавиле во полиција, едновремено изјавиле (со исклучок на една испитаничка) дека тоа им е единствена пријава. Според тоа, ако податокот од 43 пријави се стави во сооднос со претходно утврдените (најмалку) 1769 поединечни акти на насилство, излегува дека секој 42-ор инцидент се пријавува на полицијата или изразено во проценти стапката на пријавување е 2.4%. Меѓутоа, разгледувањето на податоците во целина и нивно ставање во одредени релации, дозволува да се заклучи дека стапката на пријавување на насилството вра жената, за жал, е многу, многу пониска.

### *4.10. Причини за нейријавување на инцидентот*

Сознавањето на причините поради кои жените не се обраќале до полицијата во случаите кога трпеле насилство беше мошне значајно, зашто тоа може да помогне да се дојде до одредени сознанија за причините за темната бројка кај овој вид насилство, за ставот на жените кон појавата, за довербата во органот надлежен да ги заштитува. Оттука, од испитаничките беше побарано да ги посочат причините за непријавувањето на инцидентот на полицијата.

Табела 19

**Причини за не пријавување**

| Причина | Н | % |
|---|---|---|
| Страв од одмазда | 27 | 13.4 |
| Не е сериозен случајот за полиција | 40 | 19.8 |
| Срам | 25 | 12.4 |
| Сакала сама да го реши случајот | 18 | 8.9 |
| Сакала семејството да го реши случајот | 13 | 6.4 |
| Не е во делокруг на полиција | 5 | 2.5 |
| Полицијата не се ангажира | 5 | 2.5 |
| Полицијата не може ништо да стори | 1 | 0.5 |
| Полицијата не се однесува сериозно | 1 | 0.5 |
| Случајот е пријавен на друг орган | 2 | 1.0 |
| Повеќе модалитети | 10 | 4.9 |
| Не знае | 1 | 0.5 |
| Одбива да одговори | 11 | 5.4 |
| Случајот е пријавен на полициј | 43 | 21.3 |
| Вкупно | 202 | 100.0 |

Како што може да се утврди од добиените сознанија, доминантна причина за непријавување на инцидентот на полицијата е неговата недоволна сериозност (19.8%). Овој одговор значи дека физичките напади врз жените во рамките на семејството, не се препознаваат како насилство, не се идентификуваат како настан, кој, до колку би бил сторен надвор од семејството и од друго лице, најверојатно би била побарана полициска интервенција. И ова се вклопува во сликата на патријархалната уреденост на односите во бракот и семејството кај нас.

Стравот од одмазда (13,4%) како причина за непријавување на полицијата, експлицитно покажува дека, овие жени насилството го прифаќаат како судбина и не гледаат друго решение за нив. Стравот исклучува секаква друга алтернатива за решавање на нивниот проблем. Во ваквите случаи помошта и поддршката од страна на државни или други органи и организации, она што кај нас многу недостасува, би можело многу да им користи.

Срамот (12.4%) како причина поради која насилството не се пријавува на полицијата е индикатор за конзервативниот менталитет и модел на воспитување. Во оваа рамка треба да се сместат и одговорите дека жената сама сакала да го реши случајот, односно тој да биде решаван во рамките на семејството. Ваквото вреднување, мошне добро открива една од причините за темната бројка кај семејното насилство: се што се случува во семејството треба да остане таму, срамота е да се дознае.

Релативно малку (6%) од испитаничките работата на полицијата, како државен орган надлежен за реагирање во случај на семејното насилство, ја лоцираат како причина за непријавување, и тоа преку ставовите дека: полицијата не може ништо да стори; таа не се ангажира; не се однесува сериозно; која воедно значи вредносен суд за постапувањето на полицијата во таквите случаи.

### *4.11. Задоволство од работата на полицијата*

Искуството на жените кои насилството го пријавиле на полицијата е мошне значајно, бидејки од нивната работа, постапувањето со жртвите, ефикасноста итн. во голема мера, зависи надминувањето на некои проблеми на семејното насилство, а во крајна линија и на намалувањето на неговата темна бројка, бидејки полицијата со својот коректен однос, пристапност, заштита, ќе значи охрабрување за жените да бараат решение за своите проблеми. Меѓутоа, за жал, искуството на нашите испитанички кои настанот го пријавиле на полицијата, не е такво.

Тие, задоволството од делувањето на полцијата во врска со нивната пријава, го оценија на следниот начин:

Табела 20

**Задоволство од работата на полицијата**

| Задоволна | вкупно | % |
|---|---|---|
| Да | 20 | 9.9 |

| | | |
|---|---|---|
| Не | 25 | 2.4 |
| Одбива да одговори | 14 | 7.0 |
| Не е пријавено во полиција | 142 | 70.6 |
| Вкупно | 202 | 100.0 |

Истражувачките резултати покажаа дека, повеќе од половина (55.6%) од испитаничките кои инцидентот го пријавиле на полицијата имаат негативно искуство, односно не се задоволни од однесувањето на полицијата. Организирањето на специјални одделенија, со посебно едуцирани полицајци за проблемите на семејното насилство е една од насоките во која треба да се движат решенијата за учеството на полицијата во реагирањето на овој проблем. Тоа ќе доведе до зголемување на ефикасноста во нејзиното работење И нејзино претворање во сервис на граѓаните кој ќе им помага во сите сфери на заштита на нивните права.

### *4.12. Причини за незадоволството*

Замолени да го идентификуваат сегментот од делувањето на полицијата што е извор на нивното незадоволсто, испитаничките го лоцираа во следните рамки:

Табела 21

**Причини за незадоволство од работата на полицијата**

| Причина | Н | % |
|---|---|---|
| Не сториле доволно | 7 | 3.5 |
| Незаинтересирани | 11 | 5.4 |
| Некоректни | 4 | 2.0 |
| Потребно многу време да дојдат | 7 | 3.5 |
| Друга причина | 1 | 0.5 |
| Одбива да одговори | 11 | 5.4 |
| Задоволна | 23 | 11.4 |

| | | |
|---|---|---|
| Случајот не е пријавен на полиција | 138 | 68.3 |
| Вкупно | 202 | 100.0 |

Како најчеста причина за незадоволството од работата на полицијата беше посочена нејзината незаинтересираност. Покрај тоа, испитаничките нивната работа ја вреднуваат како недоволна, а имаат забелешка и на бавноста на реагирањето (им беше потребно многу време да дојдат). Ова оди во насока на потврдување на изнесениот став (кој е резултат на разговори со жртви на насилство и судии, луѓе од МВР) за резервираниот однос на полицајците кога е во прашање семејното насилство, како да се работи за приватен проблем кој не заслужува посебен ангажман од нивна страна

### *4.13. Дали инцидентот имал судска завршница*

Несензибилноста на полицијата за овие проблеми можеби е една од причините што само 13 (30,2%) од вкупно пријавените инциденти имале судски епилог.

За разлика од третманот од страна на полицијата, каде повеќе од половината испитанички не беа задоволни од постапувањето на полицијата, дури 60% од испитаничките чиј насилнички настан имал судска завршница изразија задоволство од начинот на кој биле третирани за време на судскиот процес. Меѓутоа, кога се говори за судска завршница, испитаничките го имале предвид разводот на бракот. Во текот на разговорите тие истакнувале дека после пријавувањето на настанот на полицијата носеле одлука да го прекинат бракот, или пак, може да се претпостави дека одлуката веќе била во фаза на донесување, а последниот инцидент бил само повод да се реализира. Според сознанијата што ги добивме (само една од анкетираните жени изјави дека мажот го пријавувала на полицијата и понатаму живее со мажот), може да се стави знак на равенство помеѓу пријавувањето на инцидентот на полицијата и покренувањето на бракоразводна парница.

Меѓутоа, утврдивме уште една специфичност: ниту една жена која го пријавила инцидентот на полиција после покренувањето на бракоразводната парница не покренала кривична постапка за нанесување на телесни повреди или малтретирање. Значи, се завршува на бракоразводната парница.

### *4.14. Кој знаел за насилството*

За тоа дека за семејното насилство не се говори, и најчесто останува во кругот на семејството, констатација која веќе ја изведовме врз основа на претходно презентираните истражувачки резултати, уште еднаш се потврди преку одговорите на прашањето за тоа, кој бил запознаен со случувањата во домот.

Табела 22

**Кој знаел за насилството**.

| Кој знаел | Н | % |
|---|---|---|
| Членови на семејството | 82 | 40.6 |
| Други роднини | 8 | 3.9 |
| Пријател, сосед | 3 | 1.5 |
| Колега | 1 | 0.5 |
| Повеќе од наведените | 55 | 27.2 |
| Никој од наведените | 38 | 18.8 |
| Одбива да одговори | 15 | 7.4 |
| Вкупно | 202 | 100.0 |

Најмногу, случувањата во домот им се познати на членовите на семејството (40.6%). Всушност тие, најчесто, се и самите сведоци на настаните. Испитаничките поретко за своите проблеми говорат со лица надвор од семејството. (само2.0%), а секоја петта жена изјавила дека за нејзиното страдање во семејството никој не знае. Уште еднаш може да се коснтатира дека, за насилството во рамките на семејството се проговара откако тоа ќе земе замав и ќе стане "видливо" (преку модринки, отоци итн.) за околината

### *4.15. Обраќање до официјални органи*

Констатацијата дека насилството најчесто останува во семејството, ја потврдија и одговорите на прашањето: дали жртвата се обратила до некој државен орган или институција.

Табела 23

**Дали се обратила до државен орган или институција**

| Се обратила до | Н | % |
|---|---|---|
| Доктор | 20 | 10.0 |
| Адвокат | 4 | 2.0 |
| Суд | 3 | 1.5 |
| Центар за соц. работи | 19 | 9.4 |
| СОС телефон | 1 | 0.5 |
| Повеќе модалитети | 22 | 10.8 |
| Никому | 118 | 58.4 |
| Одбива да одговори | 15 | 7.4 |
| Вкупно | 202 | 100.0 |

Како што може да се види, доминантна е категоријата на жените (58,4%), кои не се обратиле за помош во моментите кога биле изложени на насилство и кога трпеле физичка, психичка и емоционална болка. Се чини дека, жените се обраќаат за помош тогаш кога се во состојба на нужда, кога им е неопходна медицинска или социјална помош. За тоа, впрочем, говорат и истражувачките сознанија. Од оние кои се обратиле за помош, најчесто, речиси подеднакво, се застапени жените кои се обратиле до медицинска установа заради интервенција ( 10.0%) и оние кои побарале помош од центрите за социјална работа (9.4% ).

### *4.16. Зошто жените прифаќаат живот со насилство*

Напуштањето на семејството, односно разводот на бракот е едно од можните решенија за жената да го прекине насилството, малтретирањата и

понижувањата што ги трпи во домот. Беше интересно да се види колку од жените се решиле на таков чекор, или барем се обиделе. Нивните одговори во однос на тоа прашање се:

Табела 24

**Дали го напуштиле домот**

| Го напуштила | Н | % |
|---|---|---|
| Не живее со семејството | 42 | 20.8 |
| Да, меѓутоа се вратив | 52 | 25.7 |
| Не | 91 | 45.0 |
| Одбива да одговори | 17 | 8.0 |
| Вкупно | 202 | 100.0 |

Напуштањето на семејството како начин да се ослободат од насилството се обиделе да го напаравт 46,5% од испитаничките. Велиме се обиделе, бидејќи повеќе од половината (55,3%) се вратиле и го продолжиле животот со насилникот. Интересно е дека, дури 45% од испитаничките воопшто не се обиделе да преземат конкретна активност да го прекинат насилството што го доживуваат.

Како причини поради кои не го напуштиле семејството, односно се вратиле и го продолжиле животот во семејството, нашите испитанички ги идентификуваа следните:

Табела 25

**Зошто не го напуштила семејството**

| Причина | Н | % |
|---|---|---|
| Нема каде да оди | 25 | 12.4 |
| Економска зависност | 9 | 4.5 |
| Влијание на децата | 39 | 19.3 |
| Надеж за подобрување | 35 | 17.3 |
| Изолација од семејството | 1 | 0.5 |
| Страв од насилство | 5 | 2.5 |

| | | |
|---|---|---|
| Немање поддршка од институциите | 1 | 0.5 |
| Повеќе одговори | 19 | 9.4 |
| Одбива да одговори | 27 | 13.4 |
| Го напуштила семејството | 41 | 20.3 |

Истражувачките резултати покажуваат дека жените, како најчести причини за продолжување на живототот со насилникот ги посочуваат: стравот од тоа како распагањето на семејството ќе влијае врз децата (19.3%), надежта дека ситуацијата ќе се поправи (17.3%), и отсуството на минимални, објективни услови да го продолжи животот без насилникот ("нема каде да оди" и "економска зависност," заедно - 16.9%).

Доминантните причини посочени од страна на нашите испитанички заслужуваат одреден коментар.

Дилемата што пред жените кои трпат насилство најчесто се поставува, и, е, најзначаен мотив да продолжат да го трпат насилството е: како разводот ќе се одрази врз развојот на нивните деца. Ако се прифати дека тука не постојат други причини (економски, емоционални, морални и други), оваа дилема не би требало да постои. Ова од причина што развојот на децата во услови на отсуство на: љубов, хармонија, позитивна семејна атмосфера, а згора на тоа и присуство на насилство, на кое се сведоци, а можеби и објекти, не може да резултира со правилно, позитивно социјализирана личност. Во овој контекст да ја повториме и тезата, која се потврди и во нашето истражување, дека еден од генераторите на семејните насилници се семејствата во кои имало насилство. Оттука, оваа дилема е без реална основа.

Надежта од спонтано подобрување на состојбата, особено во услови на долготрајно насилство, е нереална. Тука најверојатно постојат одредени проблеми со кои жената "претпоставува" дека тешко ќе може да се соочи, а надежта за промени во семејството е само утеха полесно да го живее животот.

Испитаничките кои објективните околности (економска зависност и нема каде да оди) ги посочија како причини поради кои живеат во услови на насилство, е популацијата на која државата со своите активности може

најмногу да и помогне. Тоа значи создавање на институции, но и други форми кои на жените ќе им обезбедат најнапред прибежиште, а потоа ќе им пружат помош и заштита. И пак ќе повториме, неопходно е итно превземање на активности за создавање на услови за прифаќање на жените во моментите кога го трпат насилството, но и пружање помош од друг вид - правна, социјална, психијатриска итн.. Овие активности ќе значат алтернатива при решавањето на проблемите со кои секојденевно се соочуваат жените - жртви на насилство.

### *4.17. Профил на жр̅ш̅ва на физичко насилс̅ш̅во*

Врз основа на добиените сознанија може да се скицира профилот на жени кои почесто се жртви на физичко насилство. Тоа се жени на возраст од 30-44 год., невработени, оние со најниско образование - до завршено осумгодишно училиште, ромки, со најниски примања во домаќинството, чиј сопруг е на иста возраст со нив или пак помлад, невработен или стечаен работник, со пониско образование од нивното, кој секојдневно консумира алкохол.

## 5. ЖЕНИ ШТО НЕ СЕ ЖРТВИ НА ФИЗИЧКО НАСИЛСТВО

### *5.1. Лица̅ш̅а ш̅ш̅о не се жр̅ш̅ви на насилс̅ш̅во*

Во воведниот дел од истражувачкиот извешатај наведовме дека, со цел да се обезбедат сознанија кои ќе дадат пореална претстава за обемот на темната бројка кај семејното насилство, како основна цел на проектот, истражувањето го конципиравме во две нивоа. Во првото ниво сите испита-

нички пријавуваа дали биле жртви на семејно насилство. Со оглед дека се работеше за појава за која беше извесно дека е со многу висока темна бројка или која најчесто се изразува преку неа, можеше да се претпостави дека причините кои влијаеле врз жената да не го пријави насилството, ќе бидат пречка таа за своите проблеми да проговори и пред нашите соработнички. Значи, сметавме на тоа дека, еден дел од нашите испитанички, иако имаат искуство како жртви на насилство, нема да го признаат тој факт и затоа се определивме за примена и на методот на пријавување на друго лице. Имено, само испитаничките кои не биле жртви на семејно насилство ги вклучивме во второто ниво на истражување. Тоа значи дека од нив баравме информции за присуството на насилството врз жените, нивните ставови кон овој проблем, како и за другите димензии на појавата. Меѓутоа, најзначајното прашање на кое требаше да дадат одговор беше: дали познаваат жена која е жртва на насилство.

Овој потпримерок на истражувањето, составен само од жени кои не се жртви на насилство, опфаќа популација од 648 испитанички.

На наредните страници ќе ги презентираме истражувачките сознанија од ова второ ниво на истражување, меѓутоа, според редоследот на прашањата во инструментот со кој ја спроведувавме анкетата.

### *5.2. Раширеност на семејното насилство*

Нашите испитанички, семејното насилство го перципираат како проблем кој е раширен на нашите простори. За таков одговор се определија 421 испитаничка или 65,0% од вкупната популација (648). Иако е раширено семејното насилство, испитанички сметаат дека се работи за појава за која не се говори. Таа е една од табу темите во државата, за која се молчи, јавно не се прговара, така се изјаснија три четвртини, односно 73,4% од испитаничките. Молчењето за семејното насилство респондентките го лоцираа во следните причини:

Табела 26

**Причини за молчењето за семејното насилство**

| Причина | Вкупно | Н | % |
|---|---|---|---|
| Страв од насилникот | 648 | 98 | 15.1 |
| Срам од блиските | 648 | 103 | 15.9 |
| Срам од околината | 648 | 224 | 34.6 |
| Да се заштитат децата | 648 | 132 | 20.4 |
| Да се сочува семејството | 648 | 137 | 21.1 |
| Друго | 648 | 51 | 7.9 |
| Не знае | 648 | 53 | 8.2 |
| Одбива да одговори | 648 | 18 | 2.8 |

Како што може да се види од презентираните податоци (дадени се посебно во однос на популацијата што се истражуваше, од причина што на тоа прашање беше можно да се дадат повеќе одговори), најчесто, секоја втора испитаничка, смета дека срамот (срамот од околината - 34.6% и срамот од блиските- 15.9%) е причината поради која не се зборува за семејното насилство. Ако се тргне од тоа дека срамот ја содржи во себе категоријата вина, тогаш излегува дека испитаничките (независно дали се жртви на семејно насилство или, пак, не се) како и самите да сметаатдека жените - жртви на насилство имаат дел од вината за тоа што им се случува во домот. Меѓутоа, од друга страна, ваквиот став како да наоѓа потврда во практиката. Искуството покажува дека добар дел од малтретираните жени прифаќаат или бараат вина и во себе за однесувањето на нивните сопрузи, што во суштина е многу погрешно. Ваквите сфаќања ќе се надминуваaат доколку почесто и повеќе се говори за семејното насилство и се изврши негова детабуизација. Процес кој започнува во нашата држава.

Втората по зачестеност причина за молчењето за семејното насилство - да се сочува семејството и да се заштитат децата - се вклопува во патријархалната матрица, според која, подобро е лош брак отколку развод, и тоа во интерес на децата. Услови кои најнегативно се одразуваат токму врз децата.

### *5.3. Семејнотo насилствo и кризатa во општествотo*

Според мислењето на нашите испитанички, во време на криза, во која се наоѓа нашата држава, доаѓа и до зголемување на насилството; такво мислење изразија речиси 80% од испитаничките. Меѓутоа, според нивното мислење, заедниците засновани со љубов се најотпорни на семејно насилство.

Табела 27

**Во кои заедници има семејно насилство**

| Вид на заедница | Н | % |
|---|---|---|
| Во заедници засновани на љубов | 24 | 3.7 |
| Во заедници засновани од економски причини | 181 | 27.9 |
| Во заедници засновани врз основа на меѓусебен договор | 46 | 7.1 |
| Во сите наведени | 246 | 37.9 |
| Не знае | 145 | 22.4 |
| Одбива да одговори | 6 | 0.9 |
| Вкупно | 648 | 100.0 |

Нашите истражувачки сознанија покажуваат дека семејното насилство се јавува во сите брачни заедници, независно од мотивот на нивното склучување, така барем се изјаснија 37.9%. Според нивното мислење, најризични во поглед на семејното насилство се заедниците засновани од економски причини (27.9%), додека, пак, најбезбедни во тој поглед се браковите во кои љубовта била мотив за нивното склопување. Она што прави впечаток е високоит процент (22.4%) на испитанички кои не можеле да изразат став по однос на поставеното прашање. Една од причините за оваа состојба е: едноставно не размислувале за тој  проблем, или, пак, имаат мало искуство со ова прашање (лично или не познаваат жена - жртва на семејно насилство).

### *5.4. Причини кои доведуваат до семејно насилство*

Нашите испитанички мошне прецизно ги идентификуваа причините поради кои се јавува и егзистира насилството во одредени семејни

заедници.На прашањето да ги посочат најзначајните (испитаничките имаа можност да посочат повеќе причини) ги добивме следните одговори:

Табела 28

**Причини кои го предизвикуваат семејното насилство**

| Причини | Вкупно | Н | % |
|---|---|---|---|
| Зависност од алкохол | 648 | 258 | 39.8 |
| Зависност од наркотици | 648 | 89 | 13.7 |
| Љубомора | 648 | 154 | 23.8 |
| Безпарица | 648 | 183 | 28.2 |
| Невработеност | 648 | 154 | 23.8 |
| Нерешено станбено прашање | 648 | 56 | 8.6 |
| Повеќечлено домаќинство | 648 | 95 | 14.7 |
| Заљубеност во друга жена | 648 | 67 | 10.3 |
| Друго | 648 | 7 | 1.1 |
| Не знае | 648 | 26 | 4.0 |
| Одбива да одговори | 648 | 6 | 0.9 |

Одговорите добиени од ова прашање, се поклопуваат, во голема мера, со сознанијата од првото ниво на истражувањето, односно сознанијата што се темелат на личното искуство на жените - жртви на насилство. Доминантни причини што го предизвикуваат семејното насилство се: најнапред, зависноста од алкохол, причина која, како доминантна, беше истакната и од страна на жените - жртви на насилство, како лично искуство. Потоа следат: безпарицата, невработеноста и љубомората. Првите две наведени причини се особено изразени во последниве години и, секако, претставуваат дел од факторите за порастот на семејното насилство во овој период.

### *5.4. Дали познаваат жртви на насилство*

Суштински одговор на овој дел од истражувањето беше пријавување на жени - жртви на семејно насилство. И во овој дел добивме сознанија кои укажуваа на висок обем на појавата - семејно насилство. Имено, дури 37,5% од жените кои самите не биле жртви на насилство, според нивните изјави, познаваат жена која трпи насилство во семејството. Најчесто (51,4%), тие

пријавија дека се во прашање нивни пријателки, соседки, колешки. Помалку (45,2%), дека станува збор за роднини. Презентираните сознанија се мошне индикативни и заслужуваат одреден коментар. Имено, веќе истакнавме дека со методот на пријавување на други лица ќе добиеме дополнителни сознанија за темната бројка кај семејното насилство, особено очекувавме дека еден дел од жените кои се жртви на насилство, а тоа не го пријавија во првиот дел, ќе го сторат во овој дел преку пријавување на друго лице. За основаноста на оваа претпоставка потврда добивме во истражувачките резултати. Имено, посочувајки го односот со жртвата на насилството што ја пријавиле, нашите испитанички најчесто изјавија дека тоа се нивни пријателки, соседки и колешки. Овие одговори во голема мера се разликуваат од одговорите што на истото прашање ги добивме од жените жртви на насилство. Од нив, само четири изјавија дека за своето страдање во семејството им се довериле на своите пријателки, соседки и колешки.

Ако претпоставиме дека одговорите на жените - жртви на насилство се пореални, бидејки се резултат на лично искуство, тогаш може да се очекува дека меѓу жените што пријавиле дека нивни пријателки, сосетки, колешки се жртви на насилство, е внесено и личното искуство на жената. Сепак ова е во сферата на претпоставките, бидејки нема доволно аргументи да го претвориме во тврдење. Најчесто нашите испитанички пријавија дека се работи за физичко (58,4%) и комбинирано (28,2%) насилство, со долготраен карактер (неколку години 33,3% и повеќе години 37,9%). Последниве податоци, за видот и траењето на насилството, одат во насока на потврдување на сознанијата што ги добивме преку првото ниво на истражувањето.

**ЉУБИЦА ЧОНЕВА**

### *5.5. Што презеле жртвите за промена на својата состојба*

Интервенциите во случаите на  насилство врз жената во семејството, во голем дел, се условени од односот на општесвото кон овој проблем. Овие мерки објективно се поставуваат врз отвореност и разбирање за проблемот од аспект на социјалните фактори на личноста и нивната изразеност во поширок социокултурен контекст. Поради таа условеност, моделите на општествената реакција за помош на жртвата во нашата средина се малку по број и сиромашни по содржина. Меѓутоа, интересно беше да се види, дали и колку жените - жртви на насилство ги користат постојните форми на интервенција во ваквите случаи. Во таа насока, беше поставено прашањето: имаат ли тие сознание за тоа, дали жртвата презела нешто да си ја промени состојбата?

Табела 29

***Дали презела нешто да ја промени состојбата***

| Презела активност | Н | % |
|---|---|---|
| Да | 106 | 38.7 |
| Не | 102 | 37.2 |
| Не знае | 50 | 18.2 |
| Одбива да одговори | 16 | 5.8 |
| Вкупно | 274 | 100.0 |

Како што може да се види од  одговорите на нашите испитанички за жените кои ги  познаваат како жртви на семејно насилство,  37,2%   воопшто немаат побарано помош, а на 18.2% не им е познат тој факт. Овие резултати упатуваат на заклучок дека кај нашите жени се уште постои релативно голем отпор спрема интервенција "од страна", па и во случаите на малтретираност, пониженост , дури и загрозеност на здравјето и животот, со што насилството останува како приватен или личен проблем на семејството и тиранија за жртвата.

Од испитаничките кои потврдно одговорија, односно се изјаснија дека им е познато дека жртвите побарале помош да си ја променат состојбата, беше побарано да прецизираат кому се обратиле.

Табела 30

***Кому се обратила за помош***

| | Н | % |
|---|---|---|
| Побарала помош од своето семејство | 37 | 34.2 |
| Побарала помош од неговото семејство | 11 | 10.2 |
| Побарала помош од пријателите | 5 | 4.6 |
| Се јавила на СОС | / | / |
| Го напуштила семејството | 18 | 16.7 |
| Се обратила до некоја институција | 22 | 20.4 |
| Побарала помош од  семејство и од друг | 15 | 13.9 |
| Вкупно | 108 | 100.0 |

Добиените податоци  упатуваат на постоење на варијации во однос на субјектите до кои се обратиле жените кои доживеале семејно насилство (според информираноста на оние кои знаат за нивното живеење под насилство). Кога веќе проговараат за случувањата во домот и бараат помош, тие  најчесто се обраќаат до семејството - 44.4% (сопственото или на сопругот)  и на семејството и до некој друг орган во 13.9%.

Меѓутоа, овие податоци покажуваат дека 166 од жените жртви на насилство останале сами да се бранат од насилството што го доживуваат, односно да бидат и понатаму физички и психички изложени на малтретирање, не ретко заедно и со своите деца. Нивната зависност во голем дел, веројатно, се базира и врз ставот на средината, предрасудите за односот кон овој проблем, што се поврзува со отсуство на заштита и немешање на надворешните фактори. Фактот што физичкото и другите форми на семејно насилство не ретко се третираат како приватна работа, или пак дури и се негира нивното постоење, е честа причина што многу жени не го пријавуваат, ниту  превземат нешто против него. Друга мошне значајна причина за тоа најчесто е срамот, бидејќи тие  се обидуваат да ја скријат вистината дури и од најблиските. Според тоа, ќе  констатираме дека голем дел од анкетираната популација жени смета дека кај нас семејното насилство не ретко се прифаќа од жртвите како нормален стил на живеење, што придонесува  насилството да остане анонимно, непријавено, односно да е "темна бројка" на овој опасен проблем.

Меѓутоа, заради малтретирање и лишувања во бракот, 18 испитанички (16,7%) го напуштиле домот, не можејки да ги поднесат конфликтите. Овие случаи, кои според сознанијата на нашата анкетирана популација, се малку застапени во структурата на насилничките доживувања, сепак го актуелизираат прашањето за акутна потреба од создавање наменска институција во Македонија со услови за прифаќање на жените кога немаат прибежиште од насилникот. Ова и поради фактот што кога жената ја напушта насилничката ситуација се соочува и со додатни тешкотии: посетување на детето на училиште, фрустрираност на детето заради променетите односи меѓу мајката и таткото, социјална одбележаност на детето и жената, што треба да се има предвид при укажување помош на жените кои побарале спас од насилството. Дадената помош и заштита примарно треба да им обезбеди советувалишни услуги, психотераписки третман и друѓи неопходни потреби кога ќе се најдат надвор од својот дом. Овие форми на нужна интервенција во високоразвиените земји веќе имаат своја традиција, често се барани, а во нашата земја се уште се непознати, па и социјално стигматизирани за жртвата.

Фактот што анкетиранте жени не познаваат жртви на семејно насилство кои се јавиле за помош на СОС телефоните, веројатно се должи на тоа што овие форми на комуникација се се уште непознати за широкото граѓанство во нашата средина, иако некои од нив веќе имаат одредени искуства со советување на жени во акутна ситуација на насилство. Таков е примерот со С.О.С телефонот при СОЖМ во Скопје, кој има најдолга практиката ( 7 години), потоа ООЖ во Куманово, СОРОС - Скопје и др.

Со нашето истражување се покажа дека, при определувањето стратегија и план за реакција на семејното насилство и помош на жртвата во Македонија, од посебно значење се јавува прашањето за организирање на легитимни форми за излегување во пресрет на индивидуално ниво. Во однос на искажаните потрби на испитаничките изложени на семејно насилство, најзначајно е пружањето на првична поддршка и нивното зајакнување, од психолошки и практичен аспект.

### *5.6. Заштита на жената од страна на надлежни органи*

Во пристапот кон заштитата на жртва на семејно насилство во нашата држава, на испитаничките им беше поставено прашањето: До кои субјекти, државни органи или служби се обратиле за помош, или што презеле за излез од ситуацијата во која се нашле жените за кои знаат дека биле изложени на насилство?

Анализата на резултатите од анкетата за јавување на жената кај институциите на службите за помош со цел да ги реши своите проблеми поврзани со насилството, покажа дека редко се јавуваат, а по застапеност може да се издиференцираат полицијата ( 24 жени или22.2%) и центрите за социјална работа (12 жени или 11,1%). Во суштина овие се и единствените служби на кои се јавиле за помош, според сознанието на нашите респондентки, жените кои ги познавале како жртви на семејно насилство.

На центрите за социјална работа се обратиле само 12 или 11,1%, спред сознанието на испитаничките, додека на другите, како што се судските органи и слично, немаат регистрирано ниту едно јавување. Податоците за малиот број на јавувања кај овие институции, говорат за релативна затвореност на лицата во изразена кризна состојба предизвикана од насилство, или можеби непознавање на нивните ингеренции за заштита и помош на жртвите. Претпоставуваме дека оние кои се обратиле до овие институции биле во сложена кризна ситуација, и тоа во повеќе подрачја на сопствената животна егзистенција (невработени, без средства за живот и можности за вработување, бездомност во критичниот момент) и во ситуација на подолгорочна загрозеност. Од ова произлегува заклучок, дека поголем број од жените во ситуација на насилство не ги знаеле можностите за интервенција и помош на овие институции од аспект на нивната надлежност како служби за прва социјална помош и заштита. Затоа, може да се потенцира дека центрите за социјална работа имаат мошне значајна позиција и најголем дијапазон на задолженија во доменот на заштита на семејството и неговите членови од насилничко однесување. Така на пример,

социјалната заштита опфаќа одделни мерки при разрешувањето на семејни конфликти, кои се остваруваат преку давање на различни облици на поддршка и советувања на лицата кои се непосредно изложени на насилство. Во суштина, дејноста на центрите за социјална работа ги рефлектираат сите најважни проблеми поврзани со малтретирањето на жената во семејството и општествената реакција на појавата: застапеност на појавата, каузалноста на насилството и неговите последици, критериумите за општествени и правни интервенции, проблемот на откривањето на насилството, изборот на заштитни мерки, до еваулацијата на применетата заштита.

Нашите центри за социјална работа проценуваат дека нивниот увид во семејното насилството е недоволен и дека постои голем расчекор помеѓу бројот на евидентираните случаи и реалниот обем на овој проблем. Сознанијата за тие случувања овие институции ги добиваат најчесто во текот на работата на случаи кои се пријавуваат по некој друг основ (материјално и станбено необезбедени, семејства со социјални проблеми и сл.), а малтретирање на жената во семејството, како специфични категории на проблеми, не се регистрираат. Како главни пречки за откривање на семејното насилство врз жената, во центрите за социјална работа ги наведуваат: затвореноста на семејството, стравот од стигматизација, неадекватна перцепција на овие проблеми во средината, недоволна ангажираност на други органи и институции и неопределеност во поглед на нивните обврски и овластувања кон проблемот.

Во контекст на објективните проблеми на центрите за социјална работа за помош на жените жртви на семејно насилство, треба да се наведе и нивната лимитирана временска можност за обраќање за помош. Имено, овие установи имаат работно време од 7-15 часот, а попладне, во текот на ноќта и во време на викендите, немаат организирани дежурства или некој вид формализирани можности за прифат на лица изложени на насилство, како што е семејното. И во нашето истражување се покажа, како што веќе презентиравме, жените се изложени на насилство во секое време, во сите денови, и во секое време од денот, но поизразено е ноќе во касните часови.

Анализираните состојби за содржината и видот на помошта која им се дава на жените изложени на семејно насилство и ангажираноста на службите на тој план, даваат можности да се констатираат повеќе видувања. На тој план постои отсуство на соработка меѓу соодветните надлежни служби и институции кои работат со проблемите на семејството, недостаток на специфична професионална едукација и неразвиена стручна методологија за работа на овој проблем. Во истражувањето се потврди хипотезата дека и во нашата практика за помош на жртвите и спречување на семејното насилство, одделните општествени потсистеми како што е полицијата и социјалната заштита, се уште ригидно останувааат во своите традиционални рамки и немешање во приватната сфера на семејниот живот, што е уште една причина за зголемување на "темната бројка" на појавата.

Анализата на ниво на поединечните случаи на семејно насилство врз жената, преку анкетата покажа дека во Р.Македонија жените кои биле изложени на семејно насилство побарале помош од полицијата во (22,2%) случаеви , што е неочекувано мал број, во споредба со вкупните обраќања за помош до други институции за кои сметале дека можат да им помогнат, произлегува дека во полиција фактички се јавиле и најголем број од овие жени. Како основно гледање на овој проблем жртвите на насилство единствено барале помош од полицијата во критични ситуации, како на пример закана со пиштол, нож или други предмети, кога и постоела опасност по нивниот живот. Искуствата на малтретираните жени во нашата земја покажуваат дека полицијата " не се меша во семејството" и кога е побарано да помогне се оградува во стилот "тепајте се, маж и жена сте", односно реагира само во случаи кога се работи за тешки телесни повреди, согласно своите овластувања. Ваквите негативни искуства предизвикуваат оттугеност на граѓаните од полицијата, што не е во склад со потребата за хуман третман на жените жртви на семејно насилство, како приоритетно барање во определбата за спречување и превенција на оваа појава на национален план, а по примерите на меѓународните искуства.

# 6. ЗАКОНСКО РЕГУЛИРАЊЕ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

## *6.1. Истражувачки резултати*

Во воведниот дел од монографијата истакнавме дека недоволната и неадекватната правна покриеност е карактеристика на семејното насилство и на односот на општеството кон оваа појава. Поконкретно, нашето законодавство не познава посебна инкриминација за насилството во семејството, како посебно кривично дело. Оваа материја се регулира преку општите кривични дела, но тие, фактот на заедничко живеење не го земаат предвид. Оттука, можеби прв чекор што треба да се направи е во насока на дополнување на правната регулатива за семејното насилство - за пружање посебна заштита на жртвите и поостар пристап кон насилникот. Во таа насока се движат и одговорите на нашите испитанички на прашањето:дали треба законски да се регулира оваа материја.

Табела 31

**Дали треба законски да се регулира семејното насилство**

| | | |
|---|---|---|
| Да | 724 | 85.2 |
| Не -приватен проблем | 28 | 3.3 |
| Не | 11 | 1.3 |
| Друго | 31 | 3.6 |
| Нема став | 56 | 6.6 |
| Одбива да одговори | / | / |
| Вкупно | 850 | 100.0 |

Потврдниот одговор на 85,2% од испитаничките покажува дека постои свесност меѓу женската популација во Македонија за постоење на проблемот, за неговата сложеност, но истовремено и спремност за соочување со него. Наспроти тоа, без став кон ова прашање се 3,6%, односно немаат

одговор 6,6%. Исто така, 3,3% од анектираните сметаат дека тоа е приватна работа и тука државата не треба да има ингеренции.

Позитивниот став за донесување на законска регулатива против насилство, злоупотреба и понижување на жената во сопственото семејство воедно значи и еманципираност кон прашањата за нејзина одлучност и независност. Оваа определба ја потврдија и одговорите на 79,2% со ставот дека законското регулирање на семејното насилство ќе доведе до негово намалување, наспроти 16,8% кои немаат став за ова прашање, или пак се воздржуваат од одговор. Решението за развод од мажот, се чини дека жената веќе не го гледа како своја"пропаст", што може да се поткрепи со податокот дека само 1,3% сметат дека законското регулирање на семејното насилство ќе го зголеми вкупниот број на разводи.

Спремноста за инкриминирање на семејното насилство од страна на нашите испитанички беше изразена и преку одговорите на три прашања, а тие се однесуваа на тоа дали треба да се казни маж ако ја удри својата жена, дали треба да бидат казнети родители што ги тепаат своите деца и дали треба да биде казнет маж кој ќе удри друг маж во кафеана. За ставот да се казни мажот кој ќе ја удри својата жена се изјасниja дури 84,5% од анкетираните жени, а во останатиот број анкетирани поголемиот дел се колебливи, не можат да оценат (9,2 %) или категорични да не се реагира 5,5% , односно насилството и натаму да постои. Ставот, пак, да се казнат родители кои ги тепаат своите деца, се јавува во поинаков сооднос. Имено, иако поголемиот дел од нив (66,6%) се согласуваат со вакво законско решение, не е мал процентот и на оние кои се спротивставуваат (18,9%) или 13,9% не можат да оценат.

Дека постои сериозност за проблемот на семејното насилство кај нас може да се види и од фактот што анкетираната популација овој проблем го споредува со делата за кои постои кривична одговорност, како на пример за лице кое ќе повреди друго лице, а не е во близок однос, како што е семејниот. На пример, 68,7% потврдно одговорија дека треба да биде казнет маж кој ќе удри друг маж во кафеана, наспроти малиот процент на испитанички кои

имаат спротивен став (9,1%), или вообичаената воздржаност на дел од анкетираните (21,5%).

Заради тоа сметаме дека предлагањето на посебна законска регулатива за насилството во семејството треба да има специјално влијание на извршителите, но и да создаде обврски на органите во кривично - правниот систем и другите надлежни правни субјекти во државата. Пристапот кон насилството во семејството треба да поаѓа од заклучокот дека тоа е криминален чин како и криминалот меѓу непознати лица и треба да се казнува како такво.

Законската реформа во функција на семејното насилство треба да се однесува на изградување на целосен оддел на заштита и превенција на жената од малтретирање, а можноста за унапредување на практиката за навремено реагирање на овој проблем, непосредно да се поврзи со следењето на новите научни сознанија, развој на соодветна методологија и стандардизација на стручните поставки на сите учесници и нивна едукација.

Постапката за помош во случај на семејното насилство треба да се заснива врз начелата на итно постапување, а не постфестум реагирање, утврдување на фактичките состојби и определување на времени мерки со кои ќе се пружа итна заштита на жртвата на насилство. Можностите за конкретна помош на жртвите на семејното насилство во наши услови се уште не се воспоставени како практика, но и ресорски диференцирани за субјектите. На овој план особено недостига просторно сместување, времено одделување на жртвата од насилникот и пружање на поддршка и нејзино охрабрување, со цел да се предупреди насилството т.е. продолжувањето на насилството. Оваа приоритетна потреба за организиран прифат на жената жртва на семејно насилство ја искажаа 80,7% од анкетираните. Исто така, тие се изјаснија и за организирана форма на дејсрвување (85,3%), како во земјите со искуство во ова подрачје.

Тука треба да се наведе и практиката во повеќе земји во светот за охрабрување и едукација на жртвите за проблемот со кои се соочуваат, што во голем дел влијае за намалување на бројот на овие случувања. Што се

однесува до ова прашање, ќе констатираме дека во Македонија не постои прифатилиште, односно кризен центар за згрижување на жени- жртви на семејно насилство. Постои убедување дека кога би имало форми на помош од овој вид, малку жени ќе трпат психичко и физичко малтретирање во своите домови. Кај анкетираната популација жени се констатира дека не постои информираност за можните форми на организирана заштита, па се претпоставува дека и поради тоа 14,6% одговорија дека не можат да оценат која од наведените форми во прашалникот е најсоодветна за спречување на насилството кај нас. Меѓутоа, тие во најголем дел (40,9%) се изјаснија за формирање на Кризен центар, потоа на амбуланта за интервенции во здравствените домови (18,9%), одделение во центрите за социјална работа (14,8%), бироа за правна помош (4,6%), посебни одделенија во полициските станици (2,6%), отворање на СОС телефони(1,2%).

На крајот ќе наведеме дека развивањето на нови, демократски меѓучовечки односи во Македонија во рамките на граѓанската држава, претпоставува и определба за елиминација и превенција на семејното насилство. За таа цел потребно е силно спротивставување на долгата традиција за толеранција на мноштвото форми на семејно насилство врз жената, за што е потребно донесување и доследно применување на законска регулатива и политика за казнување на насилниците. Оваа потреба добива понагласено значење кога се знае дека досега ниту во еден процесен или материјален закон семејното насилство не е ситуирано како правен чин, а поконкретно како сериозно кривично дело, туку најчесто се означува со одредницата општествено неприфатлива појава. Со тоа во голема мера се девалвира прашањето за негово сузбивање и превенирање преку донесување на соодветна законска регулатива.

### *6.2. Предлог на законска регулатива*

Иницијативата и конкретни чекори за востановување на законска регулатива за семејното насилство кај нас ги направи невладиниот сектор.

Имено, Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија подготви предлог на законски решенија со соодветни консултации на стручната и научната јавност во земјата за поважните негови карактеристики и по примерот на регулативата во земјите со традиција за сузбивање и превенирање на оваа појава. За оваа цел направени се предлог измени и дополнувања во Кривичниот законик, Законот за кривична постапка и Законот за процесна постапка, а во тек се ангажирањата за отворање на соодветна процедура за запознавање на надлежните државни институции и власта за донесување на истата.

**Измените кои се предлагаат како дополнување во Кривичниот законик се следните:**

- Внесување нов член 125а. Убиство при семејно насилство кога жената како резултат на долготрајно малтретирање од насилникот ќе изврши убиство, што ќе има значење за правилна квалификација на делото, оцена на кривичната одговорност, односно адекватно одмерување на казната;
- Телесната повреда и тешката телесна повреда построго да се казнуваат во случај кога се извршени како акти на семејно насилство, а за телесната повреда гонењето да се превзема по службена должност;
- Непревземањето мерки на заштита кај семејното насилство да се смета за кривично дело- неукажување помош и да се зголеми казната предвидена за ова кривично дело;
- Измени во однос на поострување на казната за оној којшто со сила или со сериозна закана ќе присили друг да стори или да трпи нешто (во главата на кривични дела против слободите и правата на човекот);
- Поострување на казната на оној којшто ќе ја загрози сигурноста на друг со закана врз неговиот живот или тело или на нему блиско лице, како акт на семејно насилство;
- Зголемување на казната за делото кога како резултат на силување настанала тешка телесна повреда, смрт или особено суров или понижувачки начин и кривично гонење - во овие случаи да не се препушти

на приватна тужба кога жената и сторителот живее во брачна или трајна вонбрачна заедница (во главата - кривични дела против половата слобода и половиот морал);

- Кај кривичното дело обљуба врз немоќно лице, односно за оние коишто врз друг ќе извршат обљуба, злоупотребувајки го душевното заболување, душевната растроеност, немоќта, заостанатиот душевен развој или друга состојба кога лицето не е способно за отпор, да се предвиди соодветна казна за извршителот кој го сторил делото како акт на семејно насилство;
- Кај кривичното дело посредување во вршење на проституција, односно во случај на врбување, наведување, намамување лица на проституција извршителот да се казни со казна затвор кога е акт на семејно насилство;
- Кај кривичното дело - неизвршување на судска одлука внесен е нов став со цел да се регулираат случаите на непочитување на налозите за заштита пропишани во рамките на парничната постапка, а се однесува на службените и одговорните лица кои се должни да ги спроведуваат правосилните судски одлуки.

**Измените за дополнување на Законот за кривична постапка:**

☐ Се предлагаат истражни дејствија кои се однесуваат на сослушување на сведоци, чл.219 и 221, со што е дозволено на жртвата и лицата со кои таа најчесто доаѓа во контакт при случаите на семејно насилство непречено да сведочат во текот на кривичната постапка, од причини што семејното насилство најчесто се случува во домот каде единствени свидоци се жртвата и нејзините најблиски до кои се обраќа за помош во таа ситуација.

**Измени и дополнување на Законот за процесна постапка:**

- Се однесува на одредбата за доставница - чл.138, имено доставницата во случаите на семејно насилство да не се потпишува од страна на примачот,

туку само од страна на доставувачот, заради олеснување на процесот на доставување;

- Во дел трети - посебни постапки, се додава нова глава 32, во која потполно се уредува постапката за изрекување мерки на заштита и итна наредба за заштита; барањето за изрекување на овие мерки; лицата кои можат да се појават во улога на баратели; мерките за заштита кои можат да се изречат; начинот на изрекување на ваквите мерки;, задолжително доставување на примерок на изречената мерка до органите за внатрешни работи во рок од 24 часа по негово издавање, право на приговор; усмено барање на лицата да се издаде итна наредба за заштита без одржување на рочиште; одредби за трошоците; за поднесување на барање за издавање на одлуки на оваа постапка.

Виолета Чачева

## 7.СУМАРЕН КОМЕНТАР НА ИСТРАЖУВАЧКИТЕ СОЗНАНИЈА

Отсуството на официјални податоци и истражувачки сознанија за семејното насилство, посебно за насилството врз жената, во голема мера го определи нивото, видот и методологијата на истражувачкиот зафат. Фактичката состојба, практично ја наметна потребата од обезбедување првични систематски емпириски податоци, односно увид во природата на насилството врз жената, видовите на насилството и неговата содржина, причините , последиците итн., но пред се сознанијата за нејзиниот обем. Сето тоа во функција да се обезбеди доволна емпириска основа за конципирање на идни продлабочени истражувања, дефинирање на односот на општеството кон овој проблем, или накусо, да почне да се создава сознајна основа за градење на стратегија во врска со насилството.

Иако истражувањето се реализираше на две нивоа, беше усвоен двоен пристап кон проблемот, основниот беше виктимолошки. Поконкретно, се обидовме преку личното искуство на жените да дојдеме до обемот и

суштината на самата појава. На ваквиот пристап (виктимолошки) може да се поставaт прашањата за сигурноста на податоците и репрезентативноста на сознанијата, бидејки се работи за подрачје од животот на жената, за кое, барем на овие наши простори, не се говори ниту во интерперсоналната комуникација, или барем не додека насилството не стане "видливо". Значи, дилемата се однесува(ше) на тоа колку од жените се подготвени да го пријават своето искуство и во која мера ќе бидат подготвени да даваат информации за него. Сметајки на одреден степен на резервираност на жената во тој поглед, за што сериозен индикатор е молчењето и непријавувањето на насилството, како дополнителен го применивме методот на пријавување од друго лице. Со ваквиот пристап сметавме дека ќе се дојде до пореални сознанија за обемот на појавата, што беше едно од централните прашања кон кое беше фокусиран нашиот интерес.

Добиените истражувачки резултати ја оправдуваат реализацијата на истражувањето, а едновремено говорат и за големата распространетост на насилството врз жената во рамките на семејството. Поконкретно, со 61,5% пријавеност на психичко насилство врз жената и 23,9% распространетост на физичко насилство, слободно може да се говори за алармантни податоци во врска со обемот на насилството врз жената во нашата држава.

Најдоминантниот облик на насилство врз жената во Македонија, **психичкото насилство** најчесто се манифестира, според искуството на нашите респодентки, преку следните содржини: "неговиот збор секогаш мора да биде последен" , "инсистира да знае каде е и со кого е цело време" и "претерано љубоморен или посесивен", содржини кои ги покажуваат, но и ги подржуваат традиционалните улоги на брачните партнери, инфериорната позиција на жената и сопственичкиот однос кон неа. Во овој контекст, како аргумент за претходните констатации, треба да се спомене дека психичкото насилство е најизразено меѓу албанската популација, за која се знае дека, во однос на другите народи и национални малцинства што живеат во нашата држава, е со најтрадиционално уредени и најзатворени семејни и брачни односи. За

пример може да се наведе и дека многу повеќе, во однос на другите националности, е присутна забраната за жената да работи надвор од домот.Ова е уште еден показател за "загрозеноста" на традиционалните улоги во бракот и потребата тие да се сочуваат. Економската зависност на жената, која подразбира и одредена родна поделба на улогите, со вработувањето на жената и стекнување на нејзина економска независност, се губи една од основните претпоставки од која  мажот ја црпи моќта за доминација. То значи нарушување на долготрајната рамнотежна на нерамноправност, а воедно тоа е и една од претпоставкаите за редефинирање на улогите меѓу брачните партнери.

**Физичкото насилство** како лично искуство го пријави секоја четврта испитаничка. Тоа се манифестирало низ  повеќе различни облици, полесни и потешки. Меѓутоа, ако се има предвид фактот дека секоја трета жена побарала лекарска интервенција и помош, проблемот на семејното насилство добива во тежина, не само според неговата квантитативна, туку и според неговата квалитативна димензија.

**Невработеноста** на жената е еден од најризичните фактори таа да стане жртва на сите видови насилства. Меѓутоа, според истражувачките резултати покрај жените и мажите - насилници се често невработени, со најниски примања. Тоа се околностите во кои најчесто егзистира насилството во нашата држава.

За мажот, губењето на работата значи отстранување од јавната сфера, едновремено тој го губи и основниот атрибут на родовиот идентитет во традиционална смисла. На микроплан, во семејството, тој исто така се доведува во прашање. Неговата улога, како извор на моќта, тој не е во состојба да ја оствари, да работи и да обезбеди егзистенција на семејството. Меѓутоа, губењето на работа, недостатокот на средства за живот се ситуации стресни сами по себе, тој не може да се реализира во својата професија, да го обезбеди своето семејство - состојби кои фрустрираат , а еден од одговорите

на фрустрацијата е агресијата. Се зголемува ризикот за околината за насилство, особено за насилство врз жената.

**Економската криза** во која се наоѓаат голем дел од граѓаните на нашата држава, во одредена мера доведува до ограничување на остварување на родовите улоги во традиционална смисла (мажот останува без работа, или има случаи жената да работи, а мажот не), потоа до ситуации (станбена необезбеденост, беспарица, голема немаштија...) кои се стресни и фрустрирачки, што, пак, резултира и со зголемување на обемот на насилството во семејството во последниве години.

**Алкохолот** е значаен фактор односно ризик за семејството да живее во услови на насилство. Секој четврти насилник често пие, а секој втор бил под дејство на алкохол за време на последниот инцидент. Консумирањето на алкохол и порастот на алкохолизмот во последно време исто така може да се поврзе со економската криза во државата, која на индивидуално ниво значи: губење на работа, неможност да се решат егсистенцијалните прашања (станбеното), беспарицата итн. околности кои го отвараат патот кон алкохолот.

**Мултиетничкиот карактер на државата** се покажа значаен и во врска со насилството врз жената во однос на неговиот обем (или изразената подготвеност да го пријават насилството), видот на насилството и посебно содржините што го сочинуваат. Меѓутоа, етничката припадност, сама по себе не претставува фактор за насилство врз жената, туку, согласно на концептуалната поставеност на истражувањето, објаснувањето треба да се бара во задржувањето на традиционалната матрица на уредување на односите во бракот и семејството, третирањето на жената, но и во објективните услови на живеење. На физичко насилство се најизложени жените припаднички на ромската популација во Македонија. Тоа е популација со најнизок општествен статус, со највисока стапка на

невработеност, со најлабави и најнеформални брачни врски, со посебна филозофија на живеење, но и менталитет во кој насилството е вградено како механизам за комуникација со жената.  Од друга страна, за Албанките веќе споменавме, дека се најмногу изложени на психичкото насилство. Специфичностите помеѓу овие две национални малцинства во врска со обемот и видот на насилството можат да се изразат низ следните карактеристики:

Во нашата држава, заради затвореноста на албанскаста националност, во најголема мера е задржан патријархалниот модел на уредување на брачните и семејни односи и најмногу се сочувани родовите улоги во нивниот изворен облик. Едновремено , во овој миг, припадниците на машкиот дел од популацијата се под голем притисок на менување на традиционалните односи, пред се поради започнатите процеси на еманципација на жената која, во споредба со припадничките на другите национални малцинства во државата, одеше многу побавно. Веќе споменавме дека најмногу психичкото насилство се манифестира, неговата содржина произлегува од веќе посочените традиционални улоги, но е насочено кон нивно зачувување. Можеби најдобар е веќе споменатиот пример за забрана жените да работат надвор од домот, и тоа во услови на голема невработеност, кога економската ситуација на семејството е многу лоша, што значи дека можеби стравот на мажот од економското осамостојување на жената за него ке значи губење на дотогашните позиции во семејството.

Со ромките, ситуацијата е сосема поинаква. Тие најчесто се изложени на физичко насилство (секоја втора жена го пријави). Во објаснувањето на нивната состојба треба да се истакне најголемата стапка на невработеност, најниското ниво на општествено-економски статус, присуство на алкохол - фактори кои по дефиниција го зголемуваат ризикот да се живее во услови на насилство. Меѓутоа, кај оваа популација, насилството е вклучено како однос на комуникација со жената, дури и самите на одреден начин покажуваат толерантност кон него ("ја тепа, ама таа го предизвикува, бара да биде

тепана" или "нема зошто да се жали, живее многу убаво, таа е само малку тепана").

Најглобалната констатција за семејното насилство во нашата држава е дека, неговите **корени** и опстојување се наоѓаат во традиционално уредените брачни и семејни односи, со јасно и многу изразени родови улоги, кои го определуваат и родовиот идентитет во таа смисла. Од друга страна, и неповолните објективни услови во кои живее добар дел од населението кои на одреден начин објективно доведуваат до нарушување на така дефинираните улоги, што, пак, резултира со агресивност.

Градењето на **стратегија** за спречување на насилството императивно се налага во нашата држава. Во основата на стратегијата треба да биде процесот на редефинирање на родовите улоги. Меѓутоа, првиот чекор, кој, според наше мислење, треба да биде направен е правно регулирање на оваа материја, преку што ќе биде создадена правната рамка за менување на односот на општеството кон проблемот на семејното насилство.

Сложеноста, комплексноста, мултифакторската условеност на појавата, нејзиното објаснување не може да се смести во еден **теоретски концепт**. Од концептуалната поставеност на истражувањето и коментарите што ги следеа истражувачките резултати, може да се заклучи дека во основата на објаснувањето на појавата на насилство ја ставаме теоријата на учење, меѓутоа со дополнување на теориите на ресурси, теоријата на социјалната контрола, теоријата на субкултура итн.

## 8. НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

*"Имам 35 години, мажена сум и мајка на две малолетни деца. Имам завршено средно образование, не сум вработена но редовно се пријавувам во Заводот за вработување и се надевам дека можеби еден ден и мене ке ме огрее сонце, ке се вработам и можеби животот ке ми тргне во друга насока. Се уште се надевам. Тоа ми е единствената надеж сега-засега во животот која реално би можела да се исполни, зашто сите мои други надежи и убави соништа исчезнаа одамна, исчезнаа не знам каде.*

*Пред да сеземеме мојот маж не пиеше. Беше едно од најдобрите момчиња во селото, примерен во своето однесување, од добра фамилија. Тој работи во каменоломот, знаеш. Знам што значи таа работа и од почетокот се трудев да бидам добра домаќинка, секогаш куќата да ми биде чиста и уредна, да има навреме ручек и чиста облека, а најважно од се јас да бидам секогаш добро расположена, насмеана. Напразно. Уште во првите месеци од бракот тој почна да си оди во кафеана со другарите и да се враќа во ниедно време дома. Тогаш само викаше и пцуеше а откога се роди првото дете почна и да ме тепа. Секоја вечер тој пијан а јас тепана. Долго мислев дека ќе се откаже, дека ќе му помине меракот по ракијата. Долго се надевав дека ќе се сврти кон мене и кон децата, но сега веќе изгубив секаква надеж. Неговите родители на кои неколку пати им се пожалив не покажаа никакво разбирање за мене, за моето страдање, за мојот чемерен живот.*

*- Маж е велат. Има право и да се напие и рака да крене.*

*Моите родители исто така.*

*- Си го сакаше си го зеде велат тие. А и не си само ти и други во селото го имаат тој проблем, па ниту се жалат некому, ниту прават трагедии од тоа.*

*А трагедија е и тоа каква трагедија што нашата љубов се претвори во пекол од кој не гледам никаков излез. Освен можеби да с еразведам, но без работа не смеам и на тоа да мислам.*

Консултирана литература:

1. Арнаудовски Љ., Чонева Љ., Ангелески М., Проституција во Македонија, Скопје, 1996.
2. Влајковиќ Јелена, Животне кризе и њихово превазилажење, Београд, 1992;
3. Дракулиќ С., Агресија у породици, Београд, 1985 год.;
4. Г. Кајзер, Криминологија, Скопје, 1995 год.;
5. Margoin.G. Goin Sibner, Weife Battering, Handbook of Family Violena, New Yoek, 1988;
6. Николиќ-Ристановиќ В., ед. (1998) Женска права и друштвена транзиција у СРЈ, Центар за женске студије, истраживања и комуникацију, Београд.
7. Николиќ-Ристановиќ В., Милојевиќ С.,: Виктимизација зена насилјем у породици: утицај социјалних фактора везаних за друштвене промене и животну доб, Темида бр.1/2000;